**БЕД ИНГЛИШ**

**напишал и нацртал:**
**Дарко Митревски**

**лекторирала: Ружица Пејовиќ**

# УВОД

Исконска потреба на човекот е одвреме-навреме нешто да смени во својот живот.

Некои се задоволуваат со тоа што ќе сменат чорапи, некои други се поамбициозни и менуваат фризура, некои го менуваат распоредот на мебелот во дневна, некои менуваат работно место, некои брачен партнер, некои одат дури дотаму што ќе се променат себеси...

Јас, на пример, сменив континент.

Добро, знам дека тоа не е оригинално, знам дека многумина така направиле, знам дека најдобрите од мојата генерација многу порано од мене здувнаа некаде... ама јас не можам да зборувам во нивно име од причина што мене не е нив. Мене е пред сѐ себе - па така јас ќе си раскажувам исклучиво за себеси, за моите импресии, авантури и (не)снаоѓања во Новиот Свет.

Оваа збирка на залудни мисли се вика "Бед Инглиш" (во чест на мојот нов, маќејски јазик), со поднаслов "Иди Даре, кој те ебе, може Вардар и без тебе".

Ви посакувам пријатно читање, со надеж дека навистина си немате некоја друга, попаметна работа.



**БАЛКОНЕ МОЈ**

Ел Еј е град без балкони.

Додуша, не баш дека нема балкони. Ги има на десетици, можеби и на стотици илјади. Некои се бајаги грди, а некои пак се толку примамливи што веднаш се проектираш себеси на нив, опкружен со имагинарна шопска и небесно ладна жолта.

Но ете, бадијала им се на овдешните балкони сите шопски и жолти на овој свет кога ја немаат онаа основна карактеристика заради која древниот прачовек го измислил првиот балкон... Им фали на ел-ејските балкони онаа примарна, суштинска, есенцијална балконштина наречена "гледање сеир".

Не е тоа оттаму што американскиот граѓанин не е сеирџија. Ма, скраја да е! Па на секој човек му бара душата да ѕирне отаде: Македонците ѕиркаат преку жива ограда, Германците преку дрвени тараби, Кинезите преку Кинескиот ѕид, а американскиот граѓанин си го гледа сеирот ѕиркајќи преку она што го нарекува "порч". На ист таков порч седел и неговиот прапрадедо Џеремаја, завален на таканаречен рокинг-чер со такозвани шатган преку колена, чувајќи ја прапрабабата Дафне Мерџори од Индијанци и десперадоси... На таков порч седеше и Вајат Ерп, меркајќи ја дарлинг Клементајн, која се симнуваше од дилижансата... На таков порч се љубакаше и Настасја Кински во "Љубовниците на Марија", на таков порч Мерил Стрип го чекаше Клинт Иствуд во "Мостовите на Медисон", на таков порч Џинџер Роџерс се ќердоса со мајорот во "Мајорот и малечката"... И не може покрај ваква богата еротска традиција ти на Американецот да му кажеш: "Имаш балкон, врати порч!".

Не ја бива таа работа, брате!

Несфатлива му е на американскиот граѓанин таа градежна израслина, сосила преземена од медитеранските приказни за Монтеки и Капулети. Ха, па доколку Ромео беше од овдешната населба Венис наместо од оригиналната Венеција, гарант ќе си ја качеше Јулија на чопер и за два саата ќе беа во Мексико, ни самоубиство ни бутур! И затоа длабоко во душата Ел Еј е град без балкони: затоа што на ел-ејските Ромеа енд Џулиети такви работи ич не им требаат.

Е ама нам ни требаат...

На сопствениот балкон јас и Јасна се чувствуваме како бродоломници. Гледаме карши во чардакот на комшиката Џун, скриена под ниската настрешница, којашто ѝ го покрива торзото до деветто колено. Скришно си пуши жената, па има фрка да не ѝ стегнеме тужба поради тутунскиот чад што продира во нашата дневна соба... Ја оставаме раат и се повлекуваме во својот стан, блиндирајќи ги сите можни отвори - бидејќи до доцна во ноќта гледаме филмови, а не би сакале Џун да ни викне полиција поради тие арачиновски експлозии што допираат од нашите звучници. И така учтиво се криеме едни од други, гледајќи како комшиската коректност го убива комшијата во нас...

И затоа јас и Јасна одвреме-навреме заминуваме на терапија, па седиме на балконот на Нено и Милена во Санта Моника!

Пази, не е тоа некој импозантен балкон. Рака на срце, едно такво неугледно терасиче во Крушево или во Охрид не би го признале ниту за шпајз. Арно ама, таа мала фасадна вдлабнатина нам ни е замена за сите наши минати балконски и балкански светови. И убаво ни е таму, брате мили: низ потоци од калифорниско вино муабетиме како грофови, од високо гледајќи врз околниот свет, составен од приземни куќички, еднокатни продавници и нападни натписи. Тој балкон често и непланирано умее на себе да собере многу интересни и раритетни лица: филмаџијата Машко со приказните за Мајкл Чимино кој си го сменил полот, доктор Глигор со смисла за хумор од едно Скопје што одамна го нема, кумот Пеѓа со својата ма-шта-то-значи-опрем-добро дилема, актерката Мира Фурлан желна за дискусија, професорот Младен секогаш гладен за расправија, новинарот Борис со либерална словенечка мисла што ни траварица не успева да ја помати... Се редат бучни мисли и гласни муабети, се дебатира за добри и лоши изложби, за верски права и граѓански слободи, за бивши плочи и актуелни филмови, за американскиот идол, јапонскиот кабуки и иранската таан-алва... Нашите мудри мисли и гласна смеа се прелеваат преку балконските саксии, па преку тивките покриви се спуштаат до долгиот булевар Вилшир, фаќаат кривина кај палмите и продолжуваат надесно кон блискиот океан, каде што умираат во бучните води на намќорот Пацифик.

И ете, понесен од анархичниот дух што тој балкон го всадува во мене, решив да ја преземам судбината во свои раце, па конечно да ѝ пријдам на комшиката Џун.

Мечка страв - мене нестрав, бидна и таа работа:

- *Госпожа Џун, морам нешто да ве прашам - ви пречи ли вам тоа што ние гласно гледаме филмови?*
- *Гад форбидс, бе нејбор... А ви пречи ли вам што јас пушам на балкон?*
- *Ма таман работа, диар комшике. Па јас бев пушач 14 години, кој да ве разбере ако не јас?*

И оттогаш нештата станаа зрнце подобри: сега од нејзиниот балкон нонстоп се чади, а од нашиот везден се ечи.

Значи, може да се опраи и Америка, само треба да си упорен.



## КАПАК НА СЕ!

Одговорно тврдам: во оваа земја небото е некако поголемо.

Знам дека никој нема да ми верува, но сигурен сум дека со мене би се сложиле сите оние емигранти што пред стотина години се истоварувале на Елис Ајленд: кога стоиш таму првпат, не те импресионираат ни големината на Статуата на слободата, ни висината на њујоршките небодери, ни површината на океанот... туку само се ѕвериш нагоре и не можеш да сфатиш од кај па сега толку небо се збра.

А заправо, има тука некоја логика: земјите се како кујнски садови, а небото над нив им е поклопец.

Така на пример, Македонија е како она тенџере за варење виршли: мала, компактна, брзо зоврива и лесно се лади. Логично е такво тенџере да има мал капак.

За разлика од неа, Америка е како некој голем казан во кој се крчка сè и сешто: и големи градови, и карпести планини, и длабоки кањони, и бескрајно долги брегови, и огромни шуми, и езера со големи водопади, и непрегледна прерија... а пак нејзиното небо е капак на сè!

На аеродромот во Лос Анџелес на секоја минута се спушта по еден авион. Кај нас за такво нешто би немало шанси - не затоа што ни е мала пистата, туку затоа што немаме доволно небо, па авионите нонстоп во воздух би ни се судирале. Еве, замислете го небото над Македонија: кај да сместиш 60 авиони на саат?!

Плажите покрај Пацификот се толку долги и широки што никој не се прашува ќе има ли место за неговиот пешкир. И кога целата фабрика "Нонча Камишова" би се преориентирала исклучиво на шиење пешкири, те триесет години само со тоа би се занимавала, пак со тие пешкири не би можеле да го покриеме ова песочно пространство. А за такво пространство ти треба долго и широко небо, пошто во спротивно сонцето нема да ти заоѓа над океанот туку ќе заоѓа зад тој што издава скутери.

Кога во пустината Мохаве ќе се качиш на највисокиот врв, под тебе се протегаат суви долини прошарани со кактуси и Џошуа Трис, песочни ридови и карпести планини, некакви езера и слични фатаморгани... Погледот ти досега едно три дена пешачење, а и по тие три дена нема жива душа ниту трага од цивилизација... Едноставно, тоа е како од Водно да го гледаш Ќустендил! Океј, немам ништо против Ќустендил - ама од кај ни нам скопјани небо за таков видик? Ќе треба од Бугарите небо да позајмиме.

И знам сега дека геометрите саркастично ќе се смешкаат, а физичарите ќе паламудат... ама нивните равенки овојпат и секоја домаќинка би ги исмеала: да го прилепиш македонското небо над Америка би било исто како да правиш палачинки во ѓезве за кафе.

И обратно.

# САФАРИ 1743

Моето мало двочлено семејство живее на адресата 1743 Перд‌ју Авенју, Вест Ел-Еј.

Кога се доселивме овде, таа адреса ја научив напамет како "Чиста Дана", за во случај да се загубам во овој град, кој (сосе околните села и предградија) зафаќа површина колку Македонија во нејзините меѓународно признаени државни граници.

Гледана од страна, авенијата Перд‌ју навидум изгледа како фантомска населба во која не вирее никаков облик на живот (налик на оние разурнати градови во апокалиптичните футуристички филмови). Реков "навидум" бидејќи тоа е само мамка што ја смислила природата за да ги заштити жителите на овој минијатурен екосистем од крволочните предатори што демнат наоколу: бучните моторџии, трговските патници, те носителите на судски повици. Но доколку сте ловец што знае да намириса трага, доколку мимикриски се скриете и трпеливо чекате, наскоро ќе ги здогледате припадниците на раскошната перд‌јуевска фауна како претпазливо излегуваат од своите дувла.

Прв излегува Мистер Том, сопственикот на зградата (латински: лендус лордус), во својата секојдневна потрага по загрозените животински видови - станарите што задоцниле со плаќање на киријата. Инаку, Мистер Том по потекло е од Кина (по акцентот човек би рекол: од Шангај). Се разбира, Мистер Том е неговото уметничко име за холивудска употреба. По дома најверојатно му се обраќаат со некоја традиционална сложена кунг-фу именка како на пример "Мал Змеј" или "Голема Лама" (мада некако најмногу му лежи да го викаат "Средна Кригла", и тоа онаа мала и дебела од цирка 0,33 децилитри). Карактеристично за Мистер Том е тоа што течно зборува англиски што никој не го разбира, па дури ни тој самиот. Кога ќе ни дојде на гости, лезетски ќе си се измуабетиме... со тоа што по тој муабет ниту тој знае кога ние ќе му платиме, ниту ние знаеме кога има намера да ја смени заглавената балконска врата.

Предизвикани од шаолинските звуци што ги испушта Мистер Том, од соседниот стан излегува цела една кинеска колонија: прв ѕирнува младиот даночен инспектор Цианхонг, а по него и неговите стари родители (кои веќе шести месец глумат дека се дојдени во кратка, викенд-посета на синот во Америка). Сложното семејство стапнува на страничниот тревник и тука на лице место изведува живописен сплет на таи-чи-чуан вежби за јакнење на телото и слабеење на духот.

Ваквата азијатска провокација го вознемирува раперот Легезин од Нигерија (стан бр. 3), којшто по вокација е противник на здравиот живот. Легезин веднаш пристапува кон древните шамански обреди за неутрализирање на источните кинески вештини, па припалува по три џоинта одеднаш не би ли ги истерал лошите духови од соседството.

Од мирисот на илегалната марихуана се возбудуваат легалистички настроените кучиња и мачки на сосетката Стела, мистериозна Французинка и авторка на живописната автобиографија "Хау Ај Факд Дејвид Боуви"

(украсена со нејзините голи фотографии од младешките денови, значи отприлика 1973 година). Сосетката Стела истрчува во пеньоар во потрага по својата загубена чедност и граѓански права, разминувајќи се со мајстор Величков (витален водоинсталатер по потекло од Драгалевци, Република Бугарија), којшто е во дилема дали водата од горниот кат капе затоа што тивкиот Јапонец од апартманот број 8 оставил отворена славина или пак ритуално се самоубил во плитката када.

Кон веселата бука се придружува стариот Иранец од карши, чијашто омилена забава е деноноќно бирање броеви на домашниот телефонски апарат и последователно урлање на мајчин фарси-јазик (по долги испитувања заклучивме дека најверојатно продава плексиглас на берзата во Техеран, со посредство на некој тотално глув брокер). На неговите крици се надоврзуваат терапевтските телефонски шепотења на комшиката Џун, којашто на својот балкон хонорарно работи како хотлајн социјален работник за опслужување на екстремно загрозени единки на работ на депресијата.

Сета оваа пасторална идила нагло исчезнува со појавата на добриот комшија Лари, којштo (привлечен од звуците на другите животински видови) полетно дотрчува во потрага по жртва на којашто ќе ѝ ја раскаже најновата епизода на својата омилена мамутска серија. Колку што е Лари голем во душата, толку е голем и во телото - така што додека тој да се довлечка до приземјето, останатите животни успеваат да се разбегаат следејќи го инстинктот, кој вели: "Ран фор јуар лајф!".

Со вечерниот мрак се враќа и мирот во нашата мала оаза. И додека во далечината татнат моторните возила од оближниот фривеј, во перд̀јуевскиот природен резерват владее речиси потполна тишина... Со исклучок на младиот Арап од вториот кат, којшто со мобилен во рацете на чист шпански арлаука пред зградата (на вториот кат изгледа слабо фаќа сигналот), упатувајќи ѝ љубовен поклич на својата хиспаноамериканска женка и притоа извинувајќи ѝ се за она некни.

## МИРИСИ

Америка мириса поинаку.

Таа миризба јас би ја опишал како "големо и празно". Големо - затоа што е огромно, а празно - не затоа што нема ништо, туку затоа што имаш чувство дека има уште многу простор што треба да се пополни.

Живиот човек не е ништо поинаков од оние кучињата на научникот Павлов: познатите дразби во него будат импулси за акција, додека непознатите го збунуваат и го дезориентираат... А миризбата на Америка не наликува на ниту една миризба што кучето во мене досега ја намирисало.

Лутиот и матен Пацифик не мириса на охридските плажи. Не мириса ниту на егејските или јадранските острови. Не мириса како медитеранското море во Италија, Шпанија или во Турција. Не мириса ниту како атлантскиот брег во Португалија, ниту како ледените морски води на Данска и Норвешка, ниту пак како топлите карипски заливи во Порторико. Со еден збор: не мириса на ниту едно место на коешто досега сум бил. Неговите страшни бранови носат миризба на некој со кого нема заебанција - не можеш да го засакаш, но мораш да му се восхитуваш.

По улиците на градот се мешаат ароми на италијански, кинески, мексикански, јапонски, грчки, руски, арапски, ирански, бугарски, босански, француски, шпански, виетнамски, корејски, етиопски, ерменски, аргентински, салвадорски, тајвански, тајландски, индиски, кубански, бразилски и на нив слични ресторани. Човек можеби и би успеал да ја идентификува миризбата на секоја од овие кујни поединечно, но вака топтан измешани во воздухот тие творат еден неидентификуван облак, којшто во мене не буди ништо освен апетит. Заситениот чад на американските скари, грилови, бургери и барбикјуа влегува во секоја пора на кожата... но сепак е поинаков од оние чаршиски скопски скари чијашто миризба Крлежа ја опишал како арома на човечко месо фрлено на жар. Од шопинг-моловите допираат воздушни струења на непознати слатки печива, коишто се мешаат со острото присуство на џиновските порции кафе без кофеин, додека од предворјата на киносалите се јавуваат пуканките прелеани со путер и измешани со силната миризба на нов теписон и дезинфекциски средства. Морската риба те заплиснува со миризба на странец, а пазарите те омамуваат со миризби на егзотични плодови што досега ги немаш вкусено и чиишто називи не можеш да ги преведеш.

Прашината на градилиштата не те гуши на начин на којшто тоа го правеле булдожерите на твоето детство. Издувните гасови на правосмукалките, автомобилите, авионите и фабриките напросто те шашардисуваат - твоето око ги прифаќа, но твојот нос прима погрешни сигнали. Раскошните дрвја, бујните градини и шарените цветови со илјадници бои шират магични ароми, коишто во твоето срце не внесуваат спокој. Ридовите на градот кријат за тебе непозната вегетација, а парковите лачат дразби на коишто немаш одговор. Во пустината, зајдисонцето се разлева над оскудните растенија и животни чиишто имиња не можеш да ги изговориш, а

пред чиишто мириси се чувствуваш непријатно како туѓинец што го ремети мирот на нечиј дом.

И самиот говор овде е поинаков - поимите што ние ги означуваме едноставно како миризба или смрдеа, овде може да бидат смел, сент, одор, фрејгранс, стенч, стинк, акрид или рик... Како и самиот јазик да ти навестува дека светот со кој ќе се соочат твоите ноздрви е далеку покомплициран од светот во којшто си одраснал.

Но во врнежливите месеци помеѓу Тенксгивинг и Президентс Деј доаѓа дождот, миејќи го сиот овој раскош и внесувајќи мир во срцето на емигрантот. Капките се слеваат по твојата шофершајбна, а ти размислуваш за оној далечен ден кога те однесоа на излет со семејството на чичко Живко и кога нагло заврна и дождот ви ја растури првомајската скара и тебе те сместија во старата лада и ти дадоа една недопечена кобасица додека сите други останаа гладни и потоа ти пуштија радио и фудбалските коментари се мешаа со звуците на домашната естрада... И така, миризбата на свеж дожд го исполнува твојот дом, потсетувајќи те на домот што го немаш, а ти да можеш би ја испил сета таа небесна вода во знак на благодарност!



## ХАЉИВУД!

Го памети ли некој почетокот на оној филм "1941" на Спилберг?

Вака беше:

*Ноќ над Калифорнија.*

*Една убава мома доаѓа до брегот, се соблекува и влегува во океанот.*

*Плив, плив, плив... плива таа.*

*Кога ете ти нешто цврсто и долгнавесто почнува да ѝ се појавува меѓу нозете...*

*Момата вриснува, се фаќа за долгичкиот мистериозен предмет, а тој сè повеќе и повеќе се издолжува над површината на водата, повлекувајќи ја нашата хероина нагоре во височината... Брановите плискаат и од океанот изнуркува цела една подморница, со убавата мома закачена на врвот на нејзиниот долг перископ!*

*Од подморницата конспиративно излегува еден јапонски морнар, внимателно загледува наоколу, ослушнува... а потоа го крева погледот нагоре, кон голиот задник на убавата девојка...*

*Јапонецот се раскезува и воодушевено вриснува: Аииии, Хаљивуд!*

Остатокот од човештвото (читај: сите оние што не живеат овде) токму вака го замислува Холивуд: град во којшто од небото паѓаат голи газови. И кога ќе ми се јават од стариот крај и ќе ме прашаат како е во Холивуд, не знам што да им кажам и притоа да не им ја расипам илузијата... бидејќи Холивуд, всушност, не ни постои!

Океј, постои Холивуд Булевард, на чиишто тротоари се вградени ѕвезди со имињата на ѕвездите и плочки со отпечатоци на нивните ѕвездени раце - но по тие ѕвезди ѕвезда не чекори, саде туристи.

Постојат и ридовите над Холивуд, на коишто се наоѓаат вилите на славните актери - кои во меѓувреме или починале или пак се иселиле на Бел Ер или Беверли Хилс или Малибу, така што сега туристите се ѕверат во раскошни куќи во коишто живеат адвокати, пластични хирурзи и некогашни офицери на иранскиот шах Реза Пахлави.

Постојат и холивудските студија... само што најголем дел од нив воопшто не се наоѓа во Холивуд: Ворнер Брос и Дизни се во Бурбанк, Сони е во Калвер Сити, Јуниверзал е во Норт Холивуд, Фокс е во Сенчури Сити...

Да не зборите за тоа што Холивуд дури ни формално не е град (како што и загрепскиот Горњи Град не е град сам за себе), туку само дистрикт од огромната урбана зона наречена Лос Анџелес (којашто исто така не е град, барем не според нашите, европски мерила).

Збунетиот пријател од стариот крај би прашал: добро, ако Холивуд не е град, а Лос Анџелес исто така не е град, во кој град тогаш живееш ти?

Финтата е во тоа што јас не живеам во никаков град.

Јас живеам во фабрика. Фабрика за производство на соништа.

За разлика од самите соништа, фабриката во којашто тие се произведуваат не изгледа убаво... како впрочем и секоја друга фабрика: има тука разни маслосани машини, и бучни апарати, и големи зачадени оџаци, и смрдливи отпадни материјали, и привилегирани шефови на смени, и млади

преамбициозни кадри, и необработени сировини, и стечајни работници, и ученици дојдени на пракса...

Милиони и милиони луѓе секојдневно стануваат и го заземаат своето место како шрафови во тој огромен механизам. Само за вас, драги гледачи - и вашата весела насмевка, и вашиот купен билет, и вашиот мерак по возбуда, и вашите гладни сетила, и вашата домашна колекција, и вашата потреба за туѓа акција, и вечното дете во вас!

Се разбира, секоја фабрика е накитена со правила.

Во некогашниот "Металски завод Тито" или ФАС "11 Октомври" пишуваше: не консумирај алкохол при работа, не го напуштај предвреме работното место, користи заштита при ракување со отворен оган, пушење само во предвидените зони, пролетери од сите земји... и така натаму.

Во оваа фабрика исто така постојат правила, само што се непишани. Заправо, мораш да си ги напишеш самиот, врз сопствената кожа.

Правила како се пишува сценарио, правила како се подготвуваш за аудиција, правила како влегуваш на состанок, правила како ги презентираш своите идеи, правила како се поставуваш кон соработниците, правила како водиш преговори, правила како изговараш одделни фрази, правила како и што јадеш на деловен ручек, правила како живееш, размислуваш, дишеш...

На многумина овие правила им се неподносливи.

На многумина овој огромен фабрички круг им е туѓ.

На многумина неговите производи им се горчливи.

На многумина холивудските сништа им се лажни.

На многумина сево ова им е одвратно.

Но, како што вели Хемфри Богарт во "Казабланка": *Ду ју вонт̄ мај едвајс? Гоу бек т̄у Булг̄ерија!*

Останатите остануваат овде, како Чаплин на неговата подвижна лента.

И секојдневно, упорно, страсно вртат со своите два шрафцигера.



## ХАБИБИ

Кога на времето со колегите одевме во Битола, ноќите редовно ни завршуваа во еден озлогласен локал, кај локалното население познат како "Баро". Тука, следени со инструменталните арлаукања на оркестарот "Критериум" и неговите три пејачки, кои како митски магбетовски наречници завиваа околу нас, ги жртвувавме последните денови на нашата младост, положена на олтарот на нашето безумие.

Деновиве му пишував писмо на еден мој соборец од тие тешки офанзиви, инаку угледен културно-уметнички деец:

*"Драг пријателе,*

*Еве ме мене во центарот на светот што го сакаме, како одам од врата до врата нудејќи ги своите сценарија, идеи и соништа. Мојата надеж се храни со нивните ветувања, а мојот стомак живее од десетици други занимања што во меѓувреме ги извршувам. Така, на пример, деновиве работам како аѓутант на младиот принц од Саудиска Арабија - дење го возам наоколу не би ли некако ја заситил својата досада, а навечер крстосуваме по скриената страна на градов во потрага по нешто што нему му недостига. Но што може да добие млад човек кому од раѓање му е пружено сè во животот? Убавите жени, егзотичните јадења, скапите бутици, огромните лимузини - ништо од тоа не може да измами возбуда на неговото лице. Навечер завршуваме во барот "Хабиби", едно сомнително место во коешто се собира блискоисточниот свет и каде што арапските принцови, опкружени со лажни блондинки и реални малигани, ги кршат законите на Куранот заедно со своите сиромашни сонародници. А сето тоа мене ме потсети на "Баро" и оние наши подеднакво бесмислени ноќи во коишто без никаков повод и причина се однесувавме како разгалени принцови, па реков да ти се јавам и да те прашам како си."*

По неколку дена ми стигна кус одговор:

*"Драги Дарко,*

*Баш ми е драго што се јави.*

*И не можам да се начудам како тоа нашите луѓе се во состојба дури и на другиот крај на светот (опкружен со светлечки реклами и блескави локали) да ги откријат најтемните дувла и со огромен мерак да се нурнат во нив.*

*Но така ти е тоа во животот: самтајмс ју ит д бар, самтајмс д "Баро" итс ју!"*

**КУРО**

Куро е некрунисаниот крал на Менхетн.

Ја носи својата кралска круна како што Сизиф го носел тешкиот камен.

Кога Њујорк ќе заспие, Куро е чувар на неговиот сон.

На аголот на Грант и Томпсон, на долгиот шанк на "Кафе Ноар", можете во живо да ги видите неговиот лик и тело.

Наликува на она човечено што му е архинепријател на Пинк Пантер, но тоа е само анимирана фатаморгана: Куро нема архинепријатели. Куро нема ниту обични, регуларни непријатели. Не знам ниту колку пријатели има тој... Но Куро дефинитивно има публика, како и секој вистински уметник!

И неговите денови минуваат во исполнување на прецизни перформанси за невидлив аудиториум, во име на некои неопипливи, но слатки идеали.



## ГЛАВАТА ГОРЕ!

За разлика од нас, Балканците, Американците генерално се оптимисти. Овде важи правилото: ако животот ти нуди кисел лимон, фати направи си лимонада!

Кога нештата ќе тргнат удолу, на нашиот човек крива му е Владата, државата, комшиите, родителите, пријателите, колегите, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за спречување на перење пари, Здружението на филателисти од Берово, минимаркетот "Кики комерц" и автопревозникот "Ц'мба транс". Со еден збор: сите му се криви, само тој е стално прав!

Американецот, пак, за секоја утка се обвинува само себеси. И бизнисот ако не оди, и плановите ако не се оствариле, и профитот ако испарил, и жена му ако го оставила, и син му ако се дрогира, и берзата ако паднала, и војнава во Ирак ако не ја бива - за сѐ си е виновен само тој. Затоа Америка постојано оди напред бидејќи не губи време на меѓусебни обвинувања. И затоа фармацевтската индустрија цвета од продажбата на антидепресантите што Американците ги голтаат ко да се базока-мастики. И затоа пола држава лежи на психијатриски кауч кај другата половина, којашто навреме одбрала профитабилна професија.

По извесно време овде сфатив во што е финтата: за да не шизнеш скроз, треба у старт да си одбереш некој узор во животот, па кога ти е тешко, да се тешиш дека нему му било уште потешко.

Така на пример копиљацине од Саут Парк го имаат Брајан Боитано, Лук Скајвокер го има Оби Ван Кеноби, Џорџ Буш Помладиот го има Џорџ Буш Постариот... а јас предлагам за наша национална ѕвезда-водилка со акламација да ја одбереме порно-ѕвездата Ејжа Карера.

Еве неколку збора за неа: родена како Џесика Штајхауер во 1973 година од татко Јапонец и мајка Германка, детството го поминува во родното Њу Џерси, каде што завршува основно и средно образование. Била успешна пијанистка и до својата петнаеста година двапати настапувала во Карнеги Хол. Како член на МЕНСА добила стипендија на престижниот универзитет Руџерс, но не можејќи да го издржи притисокот и амбициите на родителите, решава да избега од дома. Следните неколку години работи како танчарка и стриптизета, по што потпишува договор со Вивид Ентертеинмент и започнува успешна кариера во порнографската филмска индустрија (за што е наградена со најпрестижните еснафски награди). Паралелно со работните обврски ужива во играње видеоигри, соработува со списанието "Максимум ПЦ", го позајмува гласот во Манга-цртани филмови, а се појавува и во филмот "Биг Лебовски" на браќата Коен. По разводот со режисерот Бад Ли, Ејжа стапува во брак со нутриционистот Дон Лемон и се сели за Јута, каде што се раѓа нејзината ќерка Каталина. За жал, Дон гине во сообраќајна несреќа и не го дочекува раѓањето на синот Девин. По оваа семејна трагедија Ејжа решава целосно да му се посвети на одгледувањето на децата и најавува затворање на сите свои веб-сајтови наменети за возрасни.

Некој би прашал: а зошто е сето ова битно?

Е шо, да не не е?

Кога ќе ги погледне човек овие нејзиниве колешки, му се слошува колку глуматаат, преглумуваат, се трудат да оставаат впечаток...

За разлика од нив, Ејжа сето тоа си го одработува со насмевка. Кроце, педантно, од срце... љуби се и главата горе!

Ако таа може да задржи насмевка по онаква бурна биографија - кои сме па ние Македонците да бидеме намќори?



## НАРОДНИ ХЕРОИ

Роден сум на булеварот "Партизански одреди" број 111.

Зад мојата сива зграда се наоѓаше моето училиште, зад училиштето - фабриката за печива и слатки "Ванила", а зад "Ванила" - пругата на која е убиен народниот херој Кузман Јосифовски Питу.

Јас и моите врсници одраснавме во стварност лишена од историја, учејќи за претходните магливи историски времиња, истовремено сонувајќи за нестварните еклери со чоколаден прелив што се создаваа на преминот од стварноста кон фантазијата...

Потоа моето детство заврши, фабриката "Ванила" го смени името, а историјата на голема врата влезе во нашата стварност.

Јас во меѓувреме заминав, но слушам дека таа сè уште е таму, насекаде околу сивата зграда на булеварот "Партизански одреди".

Во градот каде што сега живеам распоредот на нештата е малку поинаков. Живеам во непосредна близина на зградата во којашто е сниман "Дај Хард", до булеварот на којшто Шерил Кроу пееше "Ол ај вона ду из хев сам фан". Често бесцелно шпартам наоколу качен на половен сити-бајк, низ прешироките улици исполнети со елегични арт-деко замоци и грди картонски згради, барајќи остатоци од некои туѓи детства... Но на спомениците што ги откривам испишани се имиња на некои сосема поинакви народни херои.

На аголот помеѓу Холивуд Булевард и Кахуенга Стрит се наоѓа зградата во којашто се крие детективската канцеларија на Филип Марлоу. Тука на времето се заплеткуваа разни црно-бели мистерии, се вмешуваа фатални дами и погани подлеци, се решаваа славни случаи... Но доколку се обидете да ја пронајдете вратата што води до оваа славна локација, нема да ја најдете. Таа не постои, како што не постои ниту детективот Марлоу, измислениот лик од романите на Рејмонд Чендлер. Постои само спомен-плочата што сведочи за еден измислен свет што на времето не се случил.

Неколку милји југоисточно се издигнуваат кулите на Даунтаун Лос Анџелес. Една од нив е Бредбери Билдинг, позната како локација на која се одиграла конечната пресметка помеѓу Рик Декард и репликантот Рој. Низ стаклената врата навистина се назира хидрауличниот лифт што води до последниот кат, каде што Дерил Хана се криеше помеѓу куклите на Џеј Еф Себастијан... Илјадници туристи доаѓаат да го посетат ова историско место на фиктивен настан опеан во филмот "Блејд Ранер".

Во непосредна близина би требало да е непостоечкиот "Најт Аул Кафе", каде што се случи измислениот масакр од "Ел Еј Конфиденшл", а нешто подолу се наоѓа Чајна Таун, каде што Џејк Гитис (Џек Николсон) се обиде да ја спаси Евелин Малвреј (Феј Данавеј) од нејзиниот сопруг и татко Ноа Крос (Џон Хјустон). Со кинеските пагоди кохабитира мексиканската чаршија Олвера Стрит, место на кое малиот скитник Чарли се бореше со лошите државни чиновници што сакаа да му го одземат синот.

Над градот се надвиснуваат Холивуд Хилс, во кои Чили Палмер (Џон Траволта) се справи со негативецот Бо во "Гет Шорти", оцртани со злокобниот Малхоланд Драјв од истоимениот филм.

Кон зајдисонцето се спушта Сансет Булевард (на којшто Вилијам Холден ја пронајде Глорија Свансон и сопствената смрт во базенот), завршувајќи онаму каде што почнуваат Малибу и неговите дрвени куќички (од една од нив Мајк Хамер едвај се спаси кога лековерната девојка го отвори мистериозниот ковчег).

Ете, така би можел бесконечно да редам... Од секое ќоше демне по некој холивудски народен херој, некој славен лик што се борел за човечки правдини, некој јунак над јунаци што изгинал на големото платно, на пожолтените страници на рото-романите или пак на стрип-лентите во високотиражните весници.

И додека слободарскиот Лос Анџелес тоне во својот мирен сон за којшто животот го положија најдобрите синови на неговите народи и народности, месечевите зраци нежно паѓаат на камените плочи на холивудските гробишта, откривајќи ги имињата на некогаш живите луѓе што тој сон го создале: Рудолф Валентино, Џејн Мејнсфилд, Даглас Фербанкс, Мел Бланк, Питер Лоре, Сесил Б. де Мил...

А потоа пред полноќ небото го поклопуваат ниски, густи и влажни облаци, коишто го покриваат овој град на илузии онака како што мајка покрива дете што се заиграло, па заспало.



## АЛАН ФОРД

Пред шалтерот на семоќниот Имигрејшн Офисер слетав со маичка на којашто беше исцртан ликот на Боб Рок, којшто вели: "*Подобро да се живее сто години како милионер отколку седум дена во сиромаштија*", по што наредните месец дена живеев на каучот во дневната соба на Суљо на улицата Броктон број 1515.

Да бидам искрен, мама ми плакаа тие ликови од "Алан Форд"! Неповикани влегоа во моето детство, во долгите есенски седмици во кои беспомошно лежев болен од својата втора по ред бронхопневмонија, а покоен чичко Миле посака да ме развесели носејќи ми стрипови од колекцијата на неговиот син, покоен Лабиш... И точно се сеќавам на тој магичен миг кога ја отворив првата страница на првата епизода, а таму ме дочека цртежот на Кипот на слободата со опис: "*Соединети Американски Држави. Милиони мравки што живеат...*", по што следуваше продолжение на втората страница: "*...во раскошни згради преполни со изобилство - и во места каде што такво нешто нема*".

Ете! Да не се случеше таа случајна средба помеѓу мене и тој стрип, можеби јас денес ќе бев некаков успешен банкар, или еминентен политички коментатор, или флексибилен деловен човек, па дури и ептен угледен правник (за каков што ме мечтаеше татко ми во своите родителски сништа)... Но кога како малечок ќе се заразиш со пакосниот цинизам на цртачот Мањус и сценаристот Бункер, остатокот од животот го поминуваш гледајќи го светот низ шareноликата призма на црно-белиот аланфордовски свет. И секоја животна ситуација ја мериш со аршинот на нивните мудрости:

"*Кој има слободно време, тој мисли. А кој мисли - работи против државата!*".

"*Не ти е жал што си згрешил, жал ти е што сме те фатиле*".

"*Ако сакаме да победиме, не смееме да загубиме*".

"*Од каде да тргнеме? Можеме одовде, кога веќе и онака сме тука*".

И како по вакви бисери да поверуваш во секојдневието што ти се нуди, кога знаеш дека за твојата безбедност се грижи неспособниот инспектор Брок, дека твојот град го водат тројцата корумпирани свињолики одборници, дека твојата светла иднина ја одредува Министерството за истражување руди и губење време, а дека вистинското мерило на твојот транзиционен свет е пијаницата Суперхик, кој краде од сиромашните за да им даде на богатите?

Се сеќавам дека таа дилема ме мачеше уште како мал, кога на училиште се делевме на оние што не читаат и оние што читаат "Алан Форд".

Оние првите станаа успешни банкари, политички коментатори, флексибилни деловни луѓе, ептен угледни правници...

Оние вторите закрила бараат во малата цвеќарница на аголот помеѓу шестата авенија и деветтата улица, знаејќи дека човештвото се дели на оние што прават пуф-пант и оние што прават фрит-фрит-фрит.

А јас пак живеам меѓу милиони мравки што живеат во раскошни згради преполни со изобилство - и онаму каде што такво нешто нема.

## ЏЕЗ

Со првиот самрак долж Булеварот на самракот (како разиграни ноти по петолиние) се движат светлата на илјадници бучни возила, кои потоа се слеваат надолу кон Лонг Бич, неговите би-бап солитери и весели џез-клубови.

И не случајно џезот ѝ прилега на Америка како што летен фустан ѝ прилега на убава краковска девојка.



# КАРЛО

Карло е римјанин. Живее во Лос Анџелес со години, мада тој факт слабо се одразува на неговото познавање на англискиот јазик. Инаку е филмски композитор, вечен левичар, активен учесник во разни љубовни незгоди, прекрасен човек и добар пријател. Лани беше номиниран за Голден Глоуб за една продукција на Милош Форман, иако мене многу повеќе ми се свиѓаше неговиот саундтрак за извесен нискобуџетен мексикански филм. Инаку, Карло ептен личи на стариот Џепето од цртаниот филм за Пинокио, но тоа не е темата на оваа приказна.

Секој ден помеѓу еден и два Карло седи во француската кафетерија лоцирана помеѓу Венис и Марина дел Реи. Доколку сакате да го дружите, морате да појдете таму. Неколку пати се обидов да го убедам да го смениме локалот, чисто за промена, ама бадијала: Лос Анџелес е огромен град на осамени луѓе, а во француската кафетерија Карло сите го познаваат - па зошто тогаш тој би се откажувал од таа удобна позиција на маалска икона?

Деновиве носев маичка со ликот на Корто Малтезе на неа, на што Карло страшно се возбуди: започна одоколу да ги испитува моите познавања на тој (во Америка малку познат) стрип-јунак, па кога виде дека сум фан исто колку и тој, започна да ми раскажува за своето пријателство со цртачот Хуго Прат, за некој филм што требале да го работат заедно, за тоа како животот на големите автори не е ниту малку идиличен како што се идилични приказните за нив, за тоа како Хуго многу пиел и јадел и имал срце за целиот свет, ама не и за насобраниот холестерол, за неговата смрт и спомените што зад себе ги посеал, за тоа како Корто сите други континенти ги прошета и во Северна Америка сепак не стапна, а пак нас водите на животот токму на овој брег нè исфрлија...

Пијам топла чоколада и го слушам како маѓепсан. Кога Карло раскажува, тоа е како да те милува убава жена: топло, меко, тивко, заводливо... Полека се одлепуваш од светот на француската кафетерија, од џуџестите мексикански келнерки и бучните разговори на европските уметници распослани по соседните маси во потрага по својот американски сон, од тропањето на виљушките, мирисот на подгреаниот рататуи-гулаш и ѕвонот на кеш-регистарот... Карло раскажува за своите патувања по Африка, за тоа како се вљубил во една Англичанка, за познанството со Алехандро Ходоровски или Александро Жодоровски, за еден талијански неофашист што со чизма му го искршил носот во бурните шеесетосмашки демонстрации, за син му што тргнува по неговите музички стапки, за тоа како сме дојдени во оваа земја не за да станеме дел од неа, туку за да ѝ подариме дел од себеси...

Времето пролетува покрај нас, а јас му кажувам на Карло колку го сакам неговиот роден крај. Му зборувам за моите слатки шест месеци поминати во Рим, вечниот град во чиишто катакомби има траги и од моите македонски корени... Карло ме гледа со прашалници, а јас започнувам да му раскажувам за словенските просветители Кирил и Методиј, за нивните македонски ученици Климент и Наум, за писмото што го создале и му го подариле на целиот словенски свет од Охрид до Санкт Петербург...

Карло ме слуша со жар еднаков на тој со кој до пред малце раскажуваше: маѓепсано, страсно, со ширум отворени очи на шеесетгодишно дете. И просто не знаеш што ти е померак - Карло да ти зборува или на Карло да му зборуваш. Зборовите ми се слеваат, еден со друг се надополнуваме, а околу нас се топат океанскиот воздух и смогот на новиот свет...

Со добрите и интересни луѓе постои ист проблем како и со чоколадата - просто не можеш да им се наситиш!



## АМЕРИКАН ДРИМ

Својата прва емигрантска Нова година ја дочекав во униформа на валеј на луксузниот Дабл-Ју Хотел.

Има во тоа некоја небесна правда: во своите ѕвездени мигови никогаш се немав запрашано кои се луѓето што ми отвораат врата, кои ме развезуваат, кои ме послужуваат, кои чистат зад мене... а сега сум еден од нив.

Стојам по осум часа на дождот и ги паркирам возилата на американскиот џет-сет: млади плејбои во "естон мартин", доктори во "јагуар" и адвокати во "масерати", криминалци во "кадилак ескалејд", спонзоруши во евтини "тојота"-модели, богати сопруги во "ес-ју-ви"...

Еднаш намина и глумецот Бил Мареј, дебело подмачкан. Ни подели секому по дваесет долари и исчезна во непознат правец. По некое време прочитав дека жена му го оставила... Нормално дека ќе го остави кога на вакви ко мене си ги арчи парите!

Другпат гледавме како во соседната улица папараци ја блокираа колата на Бритни Спирс на патот кон медицинскиот центар на Ју-Си-Ел-Еј. После прочитавме дека малата пак се накркала со апчиња, а браќата фотографи имаат болнички инсајдери што ги информираат за такви настани.

И така, светот си поминува покрај мене и моите униформирани собраќа во гаражата, главно млади гитаристи, сценаристи, актери, артисти... и пар мексикански емигранти.

Но како што секоја Пепелашка има своја самовила, така и јас по еден магичен телефонски повик го напуштив омразеното работно место и започнав преговори за мојот прв сериозен ангажман во Америка.

На разделба, моите униформирани колеги ме поучија:

- *Како шѿо ḡледаш, сушѿинаѿа на американскиоѿ сон не е да добиеш рабоѿа - ѿуку да дадеш оѿказ! Рабоѿи оној шѿо мора - а оѿказ дава оној шѿо си има йоѿамеѿна рабоѿа.*

## БРУКЛИН ДАДЕ, ДУДУ РЕСТЕ

Од Американци најмногу сакам Афроамериканци.

Љубезна и насмеана е белата Америка, но и бајаги дистанцирана од тебе. Латиноамериканците се страсни и бучни, но само во нивните домови, во коишто немаш пристап. Американците со азиско потекло се вредни луѓе, но не ја разбираат твојата смисла за хумор. А братот-црнец има срце за целиот свет!

Доколку сред големите градови бараш некој да ти помогне - црнецот ќе има време за тебе и твојот проблем. Доколку ти треба човек да ти ја каже вистината в лице - црнецот нема влакно на јазикот. Доколку ти фали другарче со кое ќе го споделиш долгиот американски шанк - црнецот нема да те одбие. А за сензибилитетот - ич муабет да не правиме.

Еве, на пример, мојот пријател Демијан. Роден е во Њујорк, студирал во Сан Франциско, а живее во Лос Анџелес. По професија е музички продуцент и режисер, работел со Снуп Доги Дог и Тупак Шакјур, добитник е на Греми Аворд, а во моментов подготвува филм за којшто го кандисува Бенисио дел Торо да му игра главна улога. Демијан не пие алкохол, но одвреме-навреме пуши пури (и гордо нагласува дека е постојан член на цигар-клубот во којшто членува Џон Милиус). На главата нонстоп носи шарен цилиндар од вештачко крзно, кој изгледа како препарирана мачка врз неговото големо тело. Секогаш возвраќа на телефонските повици и никогаш нема да ја откачи твојата покана за средба, без оглед станува ли збор за дружба или за неволја. Ме научи како да се поздравувам и гушнувам како црнец, за да не го брукам пред неговите пријатели.

Некни Кирил ми пушташе некои демо-снимки од својот нов албум, па јас ги споделив со Демијан. Имаше тука и јамајкански рапери и американски поп-пејачки и многу електроника и семплови и хорови и цигански трубачи... Го прашувам што најмногу му се допаѓа, а Демијан ми вели: она со трубите!

Никогаш Демијан не сретнал Ром во животот, ништо не знае за нивниот танц и нивната музика, ништо не знае за балканските ритми, никогаш не бил во Европа ниту пак знае мојата земја на карта да ја покаже... Но знае што му се допаѓа: она со трубите.

Два народа од две различни страни на светот, обата со мачно минато и откинати корени, без никаков меѓусебен контакт - но со исти музички афинитети.

Отсекогаш Есма Реџепова ми наликувала на Арета Френклин, а Ферус Мустафов ми бил нашиот Чарли Паркер.

Остануа уште Шутка да го даде својот Мартин Лутер Кинг.

## БЕСОТ НА ЛАРИ

Пред некој ден на паркингот пред мојата зграда како невина газела на поило ме начека комшијата Лари. Го гледал вчера интервјуто на Кети Кјурик со Сара Пејлин, па сега бара жртва со којашто сето тоа би го споделил.

- *Ја виде ли? Невидена глупача! Таа жена се губи во сопствената реченица како мало дете во супермаркет...* - се гушеше Лари во очајнички бес.

Јас го направив најпогрешниот можен потег - го прифатив муабетот!

- *Знам, соседе, но според анкетите таа ужива голема популарност во одредени... како би ги нарекол... социјални милјеа.*

По овие мои зборови на Лари пена на уста му надојде, очите му испаднаа од лежиште, а телото му се нафрли со ситни пликови.

- *Какви милјеа? Тоа се реднекс, фашисти, морони, пореметени идиоти што пет реченици не прочитале во животот, луѓе што ја држат оваа земја во заложништво верно гласајќи за онаа ретардирана будала што веќе осма година седи во Белата куќа... Знаеш ли како светот гледа на Америка денес? Знаеш ли колку е ничкосан нашиот углед? Знаеш ли колку ни се смеат во Европа?*
- *Па добро, знам... Сум слушнал такви приказни дури и во мојата Македонија...*

На овие зборови Лари пребледе!

- *Дури и во Македонија?*
- *Па... да.*
- *А што зборат во Македонија?*

Јас се најдов малце во небрано, ама сега ми немаше назад:

- *Па не знам, луѓето се генерално гневни на Америка и на улогата на светски џандар што си ја презема... Еве, дури и ние мораме да учествуваме во американската авантура во Ирак, иако никогаш во својата историја не сме пратиле војник на туѓа територија...*
- *Ја натераа Македонија да прати војска во Ирак? Копилиња! Проклети копилиња...*

Лари ова го кажа низ горчлива насмевка и со израз на човек во чие име е направена страшна неправда... иако јас не бев сигурен дали воопшто знае каде е Ирак, а каде Македонија.

- *Туку, кажи ми... ова... што друго се зборi таму во... во Македонија?*
- *Ништо особено, исто како и во остатокот од регионот... Луѓето со потсмев зборуваат за Америка, прават груби шеги на сметка на американската демократија, ја исмеваат наивноста и неинформираноста на американскиот народ...*

Лари немо климаше со глава, обидувајќи се да го задржи достоинството на американскиот народ.

- *Така... така зборуваат за нас во Македонија?*

Беше очигледно дека во него се одигрува тешка битка...

- *Но знаеш, Лари, не ми е ни мене драго кога слушам вакви работи. Им велам на моите сонародници дека ваквите шеги не ми се драги, бидејќи Америка сега е мој дом, а Американците мои сограѓани.*

Лари ме погледна со насолзени очи, како човек што на смртна постела пронашол трошка утеха.

- *Навистина така им рече?*
- *Навистина.*
- *И навистина... навистина така се чувствуваш?*
- *Навистина. Знаеш, мене оваа земја ме примила како свој и јас ѝ должам длабока благодарност. Океј, можеби сметам дека Америка е новата Римска Империја... но кога паднал Рим, уследиле стотици години на Мрачниот среден век - а тоа е нешто што јас не би сакал да го доживеам!*

Небото одеднаш доби румени нијанси, луѓето започнаа да се движат во слоу моушн, а над нас одекнаа звуци на патриотска музика кога Лари ми се обрати со глас во којшто надежта сѐ уште немаше умрено:

- *И нема да го доживееш. Америка нема да дозволи ти тоа да го доживееш! Можеш тоа да им го кажеш на твоите луѓе во Македонија.*

Не знаев каде понатаму да го терам муабетов, па ветив дека ќе им кажам штом ги видам. Потоа измислив дека кујната ми е во пламен, па се извинив и кукавички го напуштив бојното конверзациско поле.

Поминаа неколку седмици, а Лари повторно ме начека во заседа.

- *Ги виде најновите анкети? Рејтингот на Сара Пејлин паѓа, републиканците тонат, изгледа дека на Обама му се насмевнува победа. Баш ме интересира што мислат сега за нас во Македонија!*

Само пристојно се насмевнав и киднав, немајќи сила да му кажам дека сиротата Македонија, поради онаа грчка будалаштина, всушност навива за Меккејн.



## КАЛИМЕРО

Во овој Холивуд не е тешко човек да се почувствува како Калимеро: сите околу тебе се успешни, славни и богати, а ти ги гледаш со скршена лушпа од јајце на главата и мрчиш како нема правда.

Така и јас денес: седам пред компјутер, прелистувам туѓи биографии на Интернет, па се нервирам како на разни Ојлевци и Дојлевци им течат мед и млеко додека мене ми цури животот.

Еве да гоземеме Спајк Ли: кај и да го фрлиш, никнува! Режира филмови и за расни проблеми и за сексуални згоди и за грабежи на банки и за црните војници во последната светска војна... Јас не можам толку теми за муабет да измислам колку што тој има теми да изрежира.

Или Клинт Иствуд, на пример: уште не завршила дистрибуцијата на неговиот претходен филм, а веќе му ја рекламираат премиерата на вториот наслов за оваа сезона - плус што тој во меѓувреме најавува снимање на нов проект. Испаѓа дека почесто гледам негови филмови отколку што се гледам со сестра ми на скајп.

Или оној Стивен Содерберг: награда во Кан на 28 години, 28 режирани филма на 45 години, над 45 филма како продуцент и директор на фотографија... Спие ли тој човек некогаш? Искача ли во град, оди ли на пазарче, игра ли бејзбол со другарите, летува ли повеќе од пет дена на секои пет години?

Ај, си викам - можеби превисоко нишанам. Дај да видам што прават овие што ми се генерација. Еве на пример, младиот Лен Вајсмен: две години помлад од мене, има три филма исто ко мене, својот прв филм го снимал кога јас сум го снимал својот последен... само што неговиот прв филм е мега-хит, вториот му е уште повеќе мега-хит, а неговиот последен филм е супермега-хит!

Земам парче хартија и срамежливо правам рекапитулација на сопствената кариера: добар старт, големи паузи, мал успон и веднаш потоа пад, повторно мал успон, па уште еден нешто поголем, па уште еден пад, па пак голема пауза...

Јасна си доаѓа дома, па по кратка инспекција сфаќа кого затекнала и во каква состојба. Со прекор во гласот ми вели дека сум премногу критичен спрема себеси, дека ги бројам само промашените пенали, дека ги потценувам сопствените чекори, дека плукам на сето она што сум го правел во стариот крај, дека заборавам дека имам потпишан договор за својот прв холивудски филм, дека умеам да бидам патетичен, да се сожалувам, да уживам во сопствената меланхолија...

Јасна продолжува да ме кара, а јас ја слушам со наведната глава и поглед фиксиран врз нејзините нови сандалки. Убаво ѝ стојат тие сандалки. Не би било лошо да ги прошетаме некоја вечер по баровите на Сансет Стрип. А гледам ставила и ланче околу глуждот... А-ха, тука сме значи!

Јасна продолжува да ме кара, а јас уште еднаш фрлам поглед кон мојот монитор и колегата Вајсмен на него.

Ех, Вајсмен, копито едно... не знаеш што пропушташ!

## КОГА НАСА ТЕ ТАКЛАБАСА

На сиот свет не постои град така голем, а така глупав како што е тоа Хјустон во Тексас.

Каде и да одиш - нема ништо, каде и да застанеш - ти си никаде.

Десетици и десетици милји на исти пејзажи што циклично се повторуваат како здодевна позадина на нискобуџетни цртани филмови.

Во центарот на тој град се издигаат огромни згради без излози. Таму каде што би требало да има стакло - има мермерни или бетонски ѕидови.

Околу тебе возат исклучително љубезни, весели и полнички луѓе со каубојски шешири, кои веднаш би ти излегле во пресрет кога би им се обратил - но ти не знаеш ни каде би тргнал ни до каде би стигнал.

Нивните улици се состојат од автопатишта.

Нивниот свет се состои од шопинг-молови.

Нивниот воздух е леплив и влажен.

Хјустон е град на нафта. Бушотините и луѓето живеат заедно, во целосна слога и хармоничен соживот.

Хјустон е град покрај море, коешто немав желба да го видам. Велат дека има убави едрилици, со здравје да си ги едрат!

Во Хјустон е лоциран оној славен и скап медицински центар во којшто е изведено првото пресадување на човечко срце. Тука се прави прв (некому и последен) ремонт на богатата Америка. Мислам дека и на Тито му нудеа тука да се оперира, ама Маршалот одби и отиде да си умре во клиничкиот центар во Љубљана. Во право беше човекот: боље гроб него хјустонски сноб!

Во Хјустон се наоѓа и центарот на НАСА. Како и сè друго во Америка, така и овој центар има свој ентертејнмент дел: туристите се редат во редици не би ли виделе автентични спејс-шатлови, астронаутски одела и скафандери, хај-тек курци-палци и слични тракатанци.

Имаше еден дел во којшто симулираа летови на Месечината.

Јас бев спремен и да полетам ако треба, само да куртулам од овој град.

## ЛЕНД ОФ ПЛЕНТИ

Нашите стари често ја цитираат мудрата еврејска поговорка што вели: да не ти даде Господ да имаш, па да немаш!

Мене поговорката ми е океј, ама мислам дека функционира и во обратна насока: да немаш, да немаш, па нагло да добиеш!

Еве баш викендов решивме со Јасна да си се почестиме со еден "Твин Пикс" видеомаратон, па за таа цел отидов до локалната видеотека, којашто поседува отприлика 40.000 филмски и телевизиски наслови.

- *Добар ден, "Твин Пикс" го имате?*
- *Имаме.*
- *Но не прашувам за филмот, туку за серијата?*
- *Имаме.*
- *Ама не ми требаат одделни епизоди, туку цела прва сезона...*
- *Имаме.*
- *И тоа не обичното издание, туку онаа специјална едиција...*
- *Имаме.*
- *Да, ама таму ја нема пилот-епизодата. Ја имате и таа?*
- *Имаме.*
- *Пази: пилот-епизодата не е издадена на ДВД во Америка, само во азиските земји. Го имате баш тоа издание?*
- *Имаме.*
- *И би сакал да го погледам и документарецот за симболите во филмовите на Дејвид Линч. Тоа имате?*
- *Имаме.*
- *Има и еден посебен диск со негови кратки филмови... Имате?*
- *Имаме.*
- *Се извинувам, може да ве прашам нешто?*
- *Да, повелете?*
- *Да не случајно го имате немиот филм "Затвореникот од Кабанас" со Том Микс од 1913 година?*
- *Имаме.*

Тука сакав да го прашам да не имаат и влакно од мечка за бас-гитара, ама ме фати уплав да не ми каже дека имаат.

Океј, податокот дека во Америка има од пиле млеко и не е баш некое откритие. Моето вистинско откритие е фактот дека во оваа цивилизација луѓето едноставно не го знаат вистинското значење на зборот "нема".

Кога на Американец ќе му кажеш дека нешто си немал како мал, тој мисли дека си немал пари да си го приуштиш. А ти не знаеш како да му објасниш дека "нема" во светот од којшто доаѓаш не значи "не поседувам", туку значи "не постои". Физички не постои, ебате беља! Не постои на начин на којшто диносауруси денес не постојат!

Тоа е таа кањонска разлика помеѓу нашите навидум исти цивилизации: американскиот копнеж по поседување или консумирање на сонуваниот објект подразбира стоење пред излогот во којшто објектот се наоѓа; источноевропскиот сон го подразбира истото тоа, само што не постои излог.

Нивниот свет е светот во којшто живеат. Нашиот свет е нивниот, само што го нема. И aј сега некој нека ме убеди дека сето тоа не оставило последица во нашите глави.

И дека распоредот на кујна плус купатило плус светли и темни ходници во нашата колективна свест е горе-долу ист како и во нивната?

Хех... баш да го видам тој американски шринк што е во состојба да го реновира опскурниот ентериер на моите младешки спомени!



## ПЕСНА ЗА АМЕРИКА

Читам на Интернет како сме го попушиле на самитот на НАТО во Букурешт: само Америка нè поддржала, а сите останати си свиркале загледани во плафон, бетер од дебарски молери!

Жал ми е што таква ѝ била судбата на Македонија, па за комшии да има само некои ифрит-народи.

Жал ми е и тоа што ни се паднало да зависиме од милоста на Европа, континент што стварно ми иде на кјуратц со својата ароганција и самобендисаност.

Ама ич не ми е жал што Америка нè поддржа, пошто јас сега ко тазе Американец можам на другар ми Лале Русофилот да му се качувам на глава до сто и едно!

Во чест на сето тоа, решив да ја поддржам својата нова татковина во нејзината определба да ја поддржи мојата стара татковина така што ќе ѝ напишам една литературна творба.

Мојата пригодна ликсурска стихотворба се вика "Јунајтед Ви Стенд" (и се однесува на Скопје и Вашингтон, а не на Бред Пит и Џенифер Анистон).

Иде вака:

Ој, Америко, земјо наша мила,
в наши срца гнездо што си свила,
од Аљаска та преку Монтана
на два сини излеваш океана.

Израснахме на твојта култура,
филм, музика, палп-литература,
патики и мастики за шизици,
рокабили, гангстери, хипици ...

Кока-кол'та в жили ни се лее,
Бел'та куќа саде ни белее,
не сме ние Фиромци абдали:
твојте мисли - наши идеали!

Америко, лична наша слико,
ти надеждо, шансо и прилико,
мајко, снао и мила невесто,
ја на тебе мастурбирам често.

Бог да бие твоите душмани:
Руси, Срби и разни Ирани,
Корејанци, Кинези, Кубанци,
Ал-каеди, слични тракатанци!

Да ни раснеш здрава колоритна,

среде сите прва и најбитна,
на френдови - лидерка убава,
на скотови - ноќна мора права!

И што сега за крај да ти кажам,
како своја љубов да изразам,
сем од гради да изнедрам крик:
Ај билив ин ју, Америк!



# **МИКА**

Јас и Мика сме втори братучеди по мајчина линија.

Неговиот дедо Михаило (познат по тоа што едно време бил визитинг-професор на Универзитетот во Беркли, Калифорнија) и мојата баба Добрила (позната по тоа што пред војната била избрана за мис на Врњачка Бања) се брат и сестра, родени во црковен брак од прадедото Милош (познат по тоа што во почетокот на минатиот век во Швајцарија победил на натпревар по боб-санкање така што не знаел како се кочи бобот) и прабабата Даница (позната по готвење оброци со австроунгарски имиња од типот на штрудли, шненокли и шуфнудли).

Мика е роден како син на Миша (познат по тоа што е познат белградски џезер, доколку џезерите во Белград воопшто можат да бидат познати) и Јована (позната како бивш стипендист на оној американски институт каде што ги чуваат остатоците од падот на НЛО во Розвел, Њу Мексико).

Да се вратиме ние на Мика.

Мика е познат како талентиран виолинист, гитарист, пијанист, композитор и аранжер. Долги години свиреше во бендот на Рамбо Амадеус, а потоа одеднаш, од сосема непознати причини, му пукна филм и замина во Америка. Денес Мика престојува во една луксузна вила на Бел Ер, каде што живее како потстанар кај својот пријател Џад, бистар ем богат дечко што се занимава со недвижнини. Заработува за живот (Мика, не Џад) така што дење дава часови по клавир, а навечер свири по раскошни хотели, џез-клубови и приватни журки. Кога доаѓа кај мене на гости, љуби да паркира пред колата на добриот комшија Лари, по што добриот Лари добри пола саат пцуе по републиканците и по Сара Пејлин.

Одвреме-навреме Мика ќе ми се јави со по некоја интересна приказна.

Еве оваа, на пример:

- *Ало, фамилијо... живи ли сте?*
- *Ало, Мико. Како е?*
- *Па добро е. Еве, баш некни свирев на парти кај еден богаташ на Беверли Хилс...*
- *И?*
- *Па добро беше, рече дека пак ќе ме викне...*
- *И?*
- *Па ќе пробам да те внесам и тебе, кај него многу интересен свет се собира...*
- *И?*
- *Па еве на пример, беше Парис Хилтон со сестра ѝ Ники...*
- *И?*
- *Па не знам, некако им беше досадно... Па јас фатив да им правам муабет...*
- *И?*
- *Па изгледа дека сака да снима нов албум, па бара некој да ѝ напише нови материјали...*

- *И?*
- *Па ништ̄о, ме п̄раша дали јас се занимавам со т̄акво нешт̄о...*
- *И?*
- *Па реков дека се занимавам, а т̄аа ми п̄обара визит̄-карт̄а...*
- *И?*
- *Па ет̄е, не издржав...*
- *Шт̄о не издржа?*
- *Па морав да ја п̄рашам...*
- *Шт̄о да ја п̄рашаш?*
- *Па она, знаеш, шт̄о сит̄е нас нè инт̄ересира...*
- *Шт̄о бе нè инт̄ересира?*
- "*Извини, Парис, кажи искрено: како си п̄омина во зат̄вор лани?* ".

Ете што ти е наш човек: голем мерак по успех и слава, ама уште поголем по јадење бурек.



# ВИДОЈЕ-СПОТ

Пред некоја недела возам за Сан Диего, а баџото упорно ми праќа СМС-пораки. Му пишувам: "*Фак оф, бе баџанак, нели гледаш дека возам за Сан Диего...*". А баџо прашува: "*А од кај па ти знаеш кај е Сан Диего, слепец еден неписмен?*". Му типкам: "*Многу просто, глупердо монументална, само цепаш накај југ ко за Струмица да возиш!*". А баџо мудро заклучува: "*Ау маму му, сегде исто!*".

Туку друго ми беше муабетот: веќе неколку дена киснам на Мај Спејс и контактирам Ел Еј-бендови. Демек: добар ден, јас сум тој и тој, работам тоа и тоа, дали сте заинтересирани, ако да - јавете се, ако не - е па ај! И да видиш, одговараат луѓето. Некои додуше само културно ќе се заблагодарат што си им се јавил, некои ќе ти напомнат дека ќе те имаат на ум кога ќе им затреба, а некои велат дека баш пред недела дена сум им требал и штета што не ми текнало тогаш да им се обратам.

Мада мене најмил ми е еден рапер од Комптон, којшто вака беседи:

"*Хај! Имам многу ограничен буџет и немам многу пари, ама не сакам мојот видеоспот да изгледа евтино: инсистирам на добра приказна и квалитетен производ, сакам да има добра фотографија и сценографија, да играат дузина згодни женски, да се снима на десетина атрактивни локации, да содржи визуелни ефекти и по естетика да наликува на спотовите на Крис Канингам или филмовите на Дени Бојл. Може?*".

Ми иде да му пишам "Може, ама дај уште нешто да туриме за тие пари". И додека размислувам кој англиски термин би бил најадекватен за она "*да туриме*", во мислите како ехо ми одѕвонуваат зборовите на некои мои поранешни клиенти од Македонија: "*Срес'ва 'ногу немаме, ако мора нешчо и че платиме, ама би сакале спото да е ко оној на Мајкл Џексон во Трилер. Можи?*".

Можи бе, како да не можи. Што би рекол еден стар скопски безобразен виц: "*Силујемо, ебемо, кафе давамо...*".

Туку, во право е баџото мој: "*Маму му, сегде исто!*".

**ФУДБАЛ**

Во Европа е три попладне и штотуку започнува фудбалскиот натпревар помеѓу Македонија и Шкотска.

Во пабот "Је Олд Кинг's Хед" е шест наутро и јас штотуку нарачав кафе, а Фил - омлет со грав.

Со поспани, закрвавени очи ја следиме акцијата на теренот во Скопје.

Јас навивам за Македонија, а Фил не навива за Шкотска бидејќи е Англичанец.

Нашите поведуваат со 1:0 со голот на Наумовски...

Убави девојки поминуваат покрај излогот и одат на утрински џогинг.

По алеите се движат камиони за ѓубре додека неколку локали срамежливо отвораат врати.

На Третата улица келнерот Хрват го започнува денот пуштајќи песни од Цибони.

Барменот Шкот негодува што губат од факинг Маседониа... а јас сум премногу поспан за да му се наебам мајка мајчина!

Не е фер: Американците американски фудбал гледаат попладне, залевајќи го преносот со стејк и пиво; ние нашиот фудбал го гледаме сред изгрејсонце, преправајќи се дека гледаме сокер!



## АУТКАСТ БИЛИ

Прекрасна е оваа Калифорнија, налик на некоја убава миразџика.

Насекаде се распослала убавина, којашто (како расплодна кучка бесни кучиња) ги мамела некогашните доселеници, самотни ловци и копачи по злато, бели фармери и жолти градители на пруги, коцкари и десперадоси, курви и визионери...

Од голите долини покрај границата со Мексико, преку карпестите кањони и долгите песочни плажи, застрашувачките снежни врвови на Сан Бернардино Маунтинс и шумите исполнети со секвоја и сикамор трис, па плодните плантажи на Вентура, зелените ридови на Санта Барбара, северните карпести заливи и винските брегови на Напа и Сонома...

А јас пак, одраснат на глетките на Марлборо-каубои надвиснати над големи пространства, некако најмногу си ја сакам калифорниската пустина: долга и дива, некако непримерна за човечкиот род, но убава за човекот. Дом на орли и којоти, татковина на змии и зајаци, населена со ветерници и далеководи што како индијански племиња демнат на хоризонтот, пресечена со пруги по коишто пловат долги композиции на коишто не им се наѕираат ниту почетокот ниту крајот... Малите мотели, салуни и бензински пумпи како ретки островца се издигаат над тој правлив океан, во којшто видливоста досегнува подалеку од човечкото око, а природата те опоменува дека во животот можеш да бидеш само емигрант, никако турист.

"*Во вестерн-филмовите јунакот доаѓа и заминува во просторот што треба да се освои и скроти... а не може и нема никогаш да се скроти и освои, бидејќи тој простор е безграничен!*" - ми рече еднаш дебармаалскиот сликар Илија. И еве ме сега, го обиколувам тој простор како Били Кид во филмот на Сем Пекинпо, додека бројките на мојата милјажа растат со хистерична брзина, а од мојот цеде-плеер допираат звуците на песната на Боб Дилан:

*Деар'с ганс акрос д ривер еимин' ет ја,*
*Лоумен он јуар треил, хи'д лајк ту кеч ја,*
*Баунти хаунтерс, ту, деј'д лајк ту гет ја,*
*Били, деј дон'т вонт ју ту би соу фри...*

Нема поубаво место од вестерн-пејзажот за оној што место не го држи, за оној што мечтае, за отпадникот, за очајникот, за човекот вон законот, за сонувачот, за авантуристот, за самотникот, за освојувачот, за курвата и визионерот во тебе...

Во моите сеќавања продолжува да беседи стариот Илија, со брада пожолтена од цигари и очи уморни од носталгија:

"*Неīаѿивецоѿ е навидум силен, но несиīурен - и заѿоа нему му е ӣоѿребна ӣридружба. А ӣозиѿивецоѿ е секоīаш сам... нему никој не му ѿреба освен неīовиоѿ коњ - и барскаѿа дама, којашѿо најдобро īо разбира!*".

Звукот на автомобилските гуми гази по асфалтот додека жегата стивнува над кактусите со кои си опколен, а хоризонтот пред тебе ти се нуди како спас од огромните камени планини што се надвиснале за да те поклопат.

*(Гитарс вил плеј јуар гренд финели)*

Овде си конечно сам

*(даун ин сам Тулароса ели)*

а шкорпионот е твој побратим

*(мејби ин д Рио Пекос вели)*

исто како што му бил побратим

*(Били...)*

и на твојот непознат претходник

*(...ју'р соу фар авеј фром хоум).*

## МОНСТЕРС

Бил Маер е омилен гостин во нашиот дом. Секој петок во осум навечер затвораме врати, гасиме светла, исклучуваме телефони и го гледаме неговото шоу. А во шоуто Бил со невиден шарм, духовитост и сарказам мама ебава на сиот можен регрес и репресија, малоумни предрасуди, ретардирани заблуди, политичка подлост, јавна злоупотреба, масовна глупотија... односно, со сите криви Дрини на вечно правата Америка.

Политички, Бил не припаѓа никаде: за конзервативците е ноќна мора, а за либералите е прерадикален. Неговиот речник е далеку од нежен, неговата мисла е остра како жилет, неговата логика е ненадјебива, а тој е безобразен без пардон. Јас и Бил се согласуваме речиси во сè, освен во една работа: тој смета дека неодамна требаше да ја викне Кери Вошингтон како гостин во своето шоу, додека јас мислам дека тоа требаше порано да му текне и почесто да му текнува, барем до промената на власта (во Бушовиот режим Кери е лута опозиционерка, а лутината преубаво ѝ стои).

Деновиве го гледав неговиот документарен филм "Релиџилус", во којшто Бил решил без страв ем срам да му излезе на мегдан на најголемиот народен опиум: религијата! Имаше во таа негова запршка разни лути зачини: еден дебел камионџија што се заканува секому што ја оспорува историската вистинитост на неговата вера, еден ѓоа-научник што ги учи децата дека луѓето и диносаурусите се создадени во ист ден, една згодна девојка што смета дека Бог ги мрази педерите, еден пастор што намлатил дебели пари од продажба на своите молитви на ДВД, еден американски сенатор што верува во доаѓањето на Судниот ден кој ќе потепа пола човештво, еден протестантски проповедник што е убеден дека хомосексуалноста е болест, еден рабин што го толкува Холокаустот како заслужена небесна казна за неговиот народ, еден арапски музичар што се залага за верските права на муслиманите вклучително и правото на ликвидација на бласфемичарите, една мајка што ги убила своите деца затоа што Бог така ѝ наредил, еден оџа што попува дека света задача на неговата религија е истребување на неверниците, неколку мормони што веруваат дека луѓето со поинаква боја на кожата се грешни, разни исламски маченици што вршат самоубиствени акции, колони христијански фанатици што паѓаат во фанатичен транс, неколку Евреи што тресќаат глава од ѕид, неколку претседателски кандидати што не веруваат во теоријата на еволуцијата...

Морам да признаам дека ни збор не разбрав од ставовите и аргументите на Биловата весела религиозна менажерија. Потоа за промена гледав некои стари епизоди на "Мапет Шоу". А таму: ем мапет, ем шоу: една наказа пее "Манамана", опкружен со две суштества што му прават "Туту-туту-ту!". Ги гледам, се смеам, а сè ми е јасно од прва.

Е како е можно да разбирам три апсурдни креатури што мрморат на измислен јазик, а да не разбирам живи луѓе што зборуваат за религиозни учења и традиции стари со векови?

Веројатно естетската компонента надвладува над когнитивната: овие мапетовски ѕверови ми се некако поубави од човечките.

## ЦАЦИ

Во Холивуд не можеш да живееш ако немаш репрезентатив.

Некои имаат агент, некои менаџер, некои ентертејмент лојер... а мене ми се падна Цаци.

Цаци е бивш играч на ФК "Вардар". На времето дошол во кратка посета на Америка и останал до ден денешен. Работи како личен тренер на калифорниските ѕвезди, продуценти, бизнисмени, шмизли и ексцентрици. Некако си има зацртано од мене да направи успешен човек, па упорно и темелно се занимава со таа мисија.

Еднаш ме прати на состанок кај еден продуцент на кого му помага од 200 да намали на 150 кила.

- *Слушај, тој бара моушн график дизајнер и јас му реков дека имам прав човек за него. Ти договорив состанок во десет, пази да не ме обрукаш.*
- *Чекај малце, јас не сум моушн график дизајнер...*
- *А од кај па јас да знам што е моушн график дизајнер, а што си ти? Дур се објасните, ќе поминат минимум пет минути. За тоа време гледај да му го пуштиш некако твоето презентационо ДВД.*

И така и бидна: по петтата минута јас и полничкиот продуцент веќе договаравме заеднички проект.

Другпат Цаци ми закажа состанок со синот на Меџик Џонсон.

- *Слушај, малиот е многу фино момче, јас го вежбам трипати неделно, жена му очекува дете, а тој работи за фирмата на татко му.*
- *И?*
- *И што и? Стариот Џонсон е во бизнис со недвижнини, ама малиот сака да ја шири дејноста накај филмска продукција. Сега се во потрага по некое акционо сценарио...*
- *Па јас немам акционо сценарио...*
- *Па што чекаш? Фати напиши, немој да си мрза!*

И стварно, по недела дена седевме со мали Џонсон, а јас глумев дека имам малтене готово сценарио што гарантира вртоглав милионски профит.

Не помина многу време, ете ти го Цаци пак:

- *Види сега, јас го вежбав Роберт Дауни Џуниор, а он ме препорача кај продуцентката Џенет Цукер, она е жена на режисерот Џери Цукер, овој "Дух" што го режираше, а они двајцата се Евреи и се знаат со Дастин Хофман, којшто исто така е Евреин...*
- *Па?*
- *Па нели ти правеше некаков документарец за Евреите во Македонија? Не биди мутав, гарант имате некои заеднички теми за муабет.*

И така Цаци вредно работи на мојата кариера. Јас веќе вежбам како да му се заблагодарам во својот оскаровски говор, пошто Цаци ме опомена дека ако не ќариме оскар - ништо не сме направиле јас и тој!

Ех, да ги задржеше "Вардар" ваквите кадри, досега "Манчестер Јунајтед" ќе го тепавме.

## ЏОНИ БИ ГУД

Некако не сум од оние емигранти по песни опеани што везден слушаат мелодии од стариот крај, солзи ронат, те шишиња од глава си кршат. Можеби ќе звучи арогантно, но мислам дека во текот на триесет и кусур години поминати во стариот крај ислушав сѐ што вредеше да се чуе - а и американскиве шишиња се за некој цол подебелки и поцврсти од нашите.

Овде главно слушам Класик Рок Стејшн, радиопрограма водена од мајсторската рака и сексуљавите гласови на Анкл Џо и Синтија Фокс.

Го слушам и оној водител Том од 91,7 ФМ, којшто кога слушателите ќе го прашаат "Хау ар ју?", вика "Ду ју рили кеар?".

Понекогаш слушам и вести на Кеј-Си-Ар-Даблју.

Слушам и кај шумат шумите, буките, палмите, кактусите...

Но македонска и екс-ју музика не слушам.

Се разбира, исклучок е Џони.

Не, не, причината за тоа не е "Пит... и то је Америка". Причината е во тоа што... поради тоа што... затоа што... ха, да ме ебеш ако знам во што е причината!

Но како и да било, мене Џони често ми ѕвони во главата - а јас редовно кревам слушалка, па си муабетиме со саати.

Еве баш некни слушам вести за огромната задолженост на американските граѓани и банкротот на банките, а Џони во мене коментира: "*Чини ми се, Даре, да је стандард покварио људе: једу говна и сањаре...*".

И додека возам низ Беверли Хилс загледувајќи ги излозите исполнети со свет од чоколада и луѓе од пластика, Џони го изговара она што мене ми е тешко да го признаам: "*Град без љубави, сумрак идеја, мозговне вијуге шетају своје псе*".

А кога од мојата родна земја до мене ќе допрат приземни вести и гадни трачеви, Џони горчливо резимира: "*Много их је и страшно галаме!*".

Мојот колега Маркус слуша хип-хоп. За Маркус Џони е сосема непознат лик што пее на непознат јазик. Маркус вели "Саундс лајк ан олд мјузик... Ху'з д дуд? Из хи дед?". Јас му велам "Кајнд оф!". Маркус прашува полн со сочувство: "Јуар кантримен?", а јас климнувам со глава. Џони е роден во Скопје, па тоа и формално го прави мој земјак.

Понекогаш, кога ќе ме фати меланхолија, паркирам покрај океанот и поминувам некое време ѕверејќи се во таа бескрајна површина, во сите тие сурфери, галеби, фоки, делфини, алги, школки, ајкули...

Не знам зошто, ама оваа голема вода ја чувствувам како свој брат.

Мојот голем брат.

Или Голем Брат, сеедно.

И си седиме така со брат ми и си ќутиме, пошто и онака сѐ си е веќе кажано... Да не се откажев од цигарите, ќе запалев цигара и ќе останев на плажа додека не согореше, онака како што прават луѓето во црнина кога ќе отидат на гроб на некој близок роднина.

А Џони, сељак каков што Бог го дал, нема респект за таа семејна интима, па ни го ебе муабетот со своите стихови, кои одекнуваат некаде во мене:

*Није важно одакле сам, све док знадем куда путујем,*
*Дерало ме седам мора, горка кора љуте невоље,*
*То што броди не могу да превале - човјек умије...*
*Мени се, душо, од тебе не растаје.*



## ОБАМА

Баш ми е драг Барак Обама!

Многу сакам кога ќе се појави така некој аутсајдер, па сите фаворити ќе му се смеат, а тој ќе си тера по свое и на крај ќе докаже дека е фаца, а сите други ќе испаднат магариња.

Милиот ми баџанак, на пример, успешно се пласира во втората категорија. Кога му велев дека трката кај демократите ќе се бие помеѓу Обама и Хилари, рече дека нема шанси. Кога му реков дека Обама ќе ја тепа Хилари, баџото пак рече дека нема шанси. Кога тврдев дека Обама ќе го победи Меккејн, пак крикна баџо и порача дека нема шанси. Сега ми е криво што не тврдев дека Обама ќе стане Прецедател на Свет, пошто баџо гарант и тука ќе утнеше во процените.

Туку, да се вратиме ние на Обама. Баш ми е драг Обама.

И не само Обама - уште подрага ми е американската демократија. Нека не ми замерат Америве и Карл Маркс што ги турам под иста капа, ама јас би ја нарекол "дијалектичка демократија".

Пази пример: пред нешто повеќе од два века Томас Џеферсон ја срочил Декларацијата на независноста тргнувајќи од тезата дека сите луѓе се еднакви - по што се вселил во Белата куќа со своите 12 црни роба.

Наскоро во истата Бела куќа ќе се всели црн претседател.

Како што рекол еднаш Винстон Черчил: "*На Американците треба да им се верува. Тие на крајот секогаш ја прават вистинската работа - откако претходно ќе ги исцрпат сите други можности!*".

Уморен од важниот историски момент, префрлив на ВХ1 Класик.

А таму: милина! Емисија за историјата на рокенролот, од почетоците па до ден-денешен. Ги гледаме Чак Бери и Бил Хали и Бади Холи и Дејв, Ди, Доузи, Мики, Бик енд Тич... Ама ја прикажаа и онаа друга страна на тоа време: ловот на црвени вештерки, ноќните акции на Кју-Клукс-Клан, конзервативните отпори кон новите уметнички движења, едукативните филмови во кои се опоменува младината на опасностите на новата музика, забраните за носење рокабили-фризури и подвртени фармерки по училиштата... И сето тоа проследено со разни снимки на тинејџерки што врištат и плачат по своите идоли.

- *Никогаш не ми било јасно од кај им е потребата да врištат до раб на хистерија...* - коментира Јасна.

- *Па нормално дека врištат* - мудрувам јас - *што им е друго работа? Родени се во времето на Втората светска војна, растат во времето на Хувер и Макарти, постарите браќа им се регрутирани во Кореја, мајките ги учат дека е срамота да се врти со колкови и да носиш тесни панталони, татковците ги учат дека е срамота да имаш црнец-другар, свештениците ги гушат да клечат на колена секоја пред својот тотем, општеството ги учи дека треба да станат домаќинки и да бидат верни сопруги што ќе израѓаат еден куп деца што ќе гинат по Виетнам - а тие се маѓепсани од Елвис, којшто заводливо врти со колковите, маѓепсани се од Џери Ли Луис и неговите тесни панталони со нафабрен шлиц, маѓепсани се од црнецот*

*Литл Ричард кога вели уап-баба-луба-би-ба-буп... и ете, затоа вриштат, затоа што им го бранат сето она што душата им го бара!*

*- Мора многу да им бара штом волку вриштат.*

*- Па фала Богу дека многу им бара! И фала Богу што многу им барала, пошто општеството за сè друго имало лек освен за гладната душа на тие девојчиња. Мислам, ќе ги претепаш ти хипиците што демонстрираат, ќе ги уапсиш и пацифистите што дезертираат, ќе ги изолираш и битниците што подбуцнуваат - ама што да правиш дома со ќерка ти што завива ко мачка пред парење? И уште кога завивањето ќе се прошири од ќерка на мајка, па како зараза ќе премине на тетка, вујна, золва, балдска, јатрва, баба и внука... отиде јабана сиот лицемерен малограѓански морал, паѓа моментално сета ригидна патријахалност, пука по рабови цела феудална нетолеранција, тоне туто-комплето конзервативната Америка "ко метак надоле", што би рекол чичко Фазли! Замисли, да не биле тие девојчиња и нивната душевна потреба за гласно вриштење, уште по Америка ќе висеа обесени црнци и натписи "Забрането за кучиња и Индијанци"... Немало да има ни граѓански отпор, ни борба за човечки права, ниту Роза Паркс ќе седнела на предно автобуско седиште резервирано за белци, ниту Кенеди ќе ги добиел изборите, ниту Мартин Лутер Кинг ќе држел историски говори, ниту Врховниот суд ќе ја укинел раснатa сегрегација по училиштата и универзитетите, ниту ќе се случел маршот на Вашингтон, ниту Црните пантери ќе имале муда да кренат глава, ниту демократите ќе се степале со полицијата на својата чикашка конвенција, ниту ќе се изродел студентскиот бунт, ниту ќе имало мировни движења, ниту ќе дошло до сексуалната револуција, ниту до флауер-пауер, ниту до мејк-лав-нот-вор, ниту до филозофијата "грлс сеј јес ту гајс ху сеј ноу", ниту до појавата на феминизмот и женската рамноправност, ниту ќе имаше слободен печат да го раскринка она лајно Ричард Никсон, ниту ќе имаше нудистички плажи и кампови, ниту ќе имаше екологија и борба против индустриските штеточини, ниту Латиносите и Азијатите ќе добиеја пристап до раководните места во државната администрација, ниту хомосексуалците ќе се избореа за право на слободна љубов, ниту поп-рок ѕвездите ќе држеа концерти за гладните во Африка, ниту јас како тинејџер ќе можев да носам искинати фармерки пред жива мајка Милена, ниту ќе можевме глас да кренеме против крвожедните корпорации, ниту ќе смеевме попреку да ја погледнеме воената индустрија, ниту ќе беше можен антиглобализмот, ниту пак глобализмот, ниту секоја сабота ќе одевме на протести против војната во Ирак, ниту денешниве манекенки ќе шетаа по писта во танги и со разголени гради, ниту Клинтон ќе смееше да зуцне дека дувал хашиш и ја таклабасал Моника Левински, ниту Џена Џемисон ќе направеше толку пари, ниту Ал Гор ќе можеше да попува против глобалното затоплување, ниту Бил Маер и Мајкл Мур ќе можеа осум години да плукаат по Буш и Чејни, ниту медиумите ќе признаеја дека Сара Пејлин е бимба бимбосана, ниту сега јас и ти ќе седевме овде со зелена карта, со другарот Обама на чело. Ете, сето наше либерално општество*

*немаше да биде ниту возможно ниту вака убаво да не им бараше душичката на тие девојчиња, Господ здравје да им даде ако се уште живи!*

Јасна ме загледува сомничаво:

- *И ти сево ова сам си го смисли или некаде го прочита?*

Со скромна става ем покорна глава ѝ објаснувам дека сите тие податоци се одамна наведени и дека само чекаат некој да ги сублимира... а длабоко во себе пирувам дека мене прв ми текна ваков заклучок!

Драг ми е Обама, ама уште подраг сум си јас вака паметен.



**КАЗАЛИШТЕ**

Пред некој ден пак ми се јавува залудниот баџанак, којшто очигледно фатил дебела бусија во некоја скопска биртија, па ме кани да му се придружам преку два континента.

Ми вели: *Дојди бе, баџо, ќе пиеме по една, па ќе одиме во театар!*

Му велам: *Аман бе, карабаџо, па не сме Чечени за во театар да одиме?!*

А тој вели: *Баџолет, шала на страна, тоа со Чечените е единствен случај театарските штици живот да значат.*

Од погоре наведената дискусија лесно може да се заклучи дека посетата на театар не е на мојот список на нешта што треба да ги извршам додека престојувам на оваа планета. Младешката љубов помеѓу мене и театарскиот медиум никогаш до крај не пламна и брзо згасна. Заправо, единствената убава асоцијација што театарот ја буди во мене е сеќавањето на Пепи Мирчевски кога играше некоја античка драма на Охридско лето, а актерскиот костум му го беа накитиле со кондоми полни со вода - ние му викавме: "*Пепи, пази да не се запиеш некаде со кондомиве*", а тој ни одговараше "*Не ми е мене страв да не се запијам, страв ми е да не се заебам!*".

Но што би рекол братучедот Дешо: секоја мрчка си има прчка, па така и секој анимозитет си има свој исклучок - а тој исклучок во мојов случај е мјузиклот.

Брате мили, каква е тоа слатка разонода! Секој заплет е јасен, секоја порака читлива, а секој купен билет гарантира два часа раскошна забава. Исти бродвејски наслови во исти денови играат по различни градови на Америка, а сепак секоја постава и изведба им е совршено иста (како што е впрочем ист вкусот на "кентаки чикен" во Чикаго, Сиетл, Нешвил и Атланта).

Наш куќен љубимец е саундтракот на "Продјусерс" и нивниот хит "Спрингтајм фор Хитлер Енд Џрмани", но мене подеднакво драга ми е "Ени" и нејзиното "Ај Лав Ју Тумороу".

Од неодамна на листата на фаворити се вгнезди и "Уикед", кој го гледавме во "Пантејџз Тиатр" (каде што јас како дете-будалче со отворена уста се ѕверев во Зелената вештерка од Оз, којашто порасна и ја исполни целата сцена додека крилестите мајмуни летаа над нашите глави).

Но сепак најмногу му симнувам капа на "Свини Тод" и неговите меланхолични мелодии. Отидовме да го гледаме на сцената на Ахмансон, прашувајќи се каде ли воопшто ќе го сместат оркестарот во тој малечок театар... А кога завесата се крена и глумците излегоа, па секој од нив зема кој жичен, а кој дувачки инструмент (а најчесто и едно и друго едноподруго), па до сто и едно се изнасвиреа, изнапеаја и изнаиграа... Ма милина! Да ти е мерак што си жив човек тука заедно со нив наместо да си некоја биста во алејата на заслужните граѓани.

И затоа: мјузикл, браќа, мјузикл му е мајката!

Не ги потценувам јас ниту дилемите на Хамлет ниту пак заебаната ситуација на Едип, но како што би рекол Питу Гули во филмот "Републиката во пламен": *Песна, јунаци!*



# ВАШИНГТОН

Мал, а така голем е градот Вашингтон.

Од сите страни те заплиснуваат спомени на луѓе што сонувале еден подобар свет. Од белите неоантички палати до дрвените викторијански куќички, од мермерните споменици до непрегледните војнички гробишта, од станарите сместени помеѓу империјални столбови до оние што пред тие столбови секојдневно протестираат - насекаде до тебе допира визијата на основачите на американскиот сон, нивните остварени замисли и оние што допрва треба да се остварат.

И токму во тоа е убавината на Америка: не во она што е денес, туку во она што може утре да стане. Заблудата може да се исправи, грешката може да се окае, наивната намера може да се претвори во добро дело... Од нејзиното основање па до ден денешен, сништата на Америка не се во слободите што ги имаме, туку во оние што допрва треба да ги избориме.

И никаде како во овој град, стоејќи пред гигантскиот мавзолеј на гигантот Абрахам Линколн, не е така лесно да се препознаеш самиот себеси.

И во топлите англиски зборови "Ол мен ар криејтид икуал..." да пронајдеш дел од своето "Јас го разбирам светот како поле за културен натпревар меѓу народите".

И да бидеш среќен што си мало зрнце сол во големата, испомешана, вкусна, во три води варена манџа на народите.



## ГЕЈ ИЗ ОКЕЈ

Голема ѓурултија се крена по Калифорнија поради оној Пропозишн Ејт. Ептен голема!

Вака бидна: прво пролетва изгласаа закон со кој им се дозволува на хомосексуалците да склучуваат бракови. Потоа едно чудо геј-енд-лезбиан-парови допатуваа од цела Америка за овде во Калифорнија да стапат во брак. Потоа срипаа проповедници на разни религии да корнат коси дека бракот е од Бога изумен како заедница на мажот и жената, те само на мажот и жената, ни под разно на мажот и мажот или жената и жената, уште помалце на жената и мажот. Потоа хомосексуалците фатија да објаснуваат дека тие не ни бараат право на црковен, ами на граѓански брак - што не спаѓа под јурисдикција на мистер Бог. Потоа мормонската црква (чиешто седиште е во Охајо, а не во Калифорнија) собра 37 милиони долари, потегна голема кампања и успеа ова прашање да оди на јавен референдум, насловено како Предлог бр. 8. Потоа со мнозинство од цирка 52 наспроти 48 посто гласови победи конзервативната струја и сè си се врати на старо. Потоа пукна брука дека за рестрикција на хомосексуалните права гласале припадниците на малцинските групи што и самите во минатото биле жртва на репресија: црнечките протестанти и хиспаноамериканските католици. Потоа излегоа на демонстрации хомосексуалците и либералите, најавувајќи судска тужба врз основа на сексуална дискриминација. И на крај се постави едно болно прашање, на кое никој нема одговор: а што правиме со оние илјадници парови што стапија во хомосексуален брак додека тоа беше законски возможно?

Како тазе Американец јас немам право на глас уште минимум четири-пет години, па дотогаш ми останува само кирилично да мудрувам и да солам памет на мајчиниот јазик. Па, да почнам:

- Кога ќе му го анализираш потеклото, испаѓа дека бракот не е ништо друго освен здружување на граѓани заради остварување заеднички интерес. Веројатно во некоја фаза од праисторијата мажјакот и женката на хомосапиенсот се договориле дека им е побезбедно заедно отколку сам-по-сам: тој ќе ја брани од сабјастиот тигар, таа ќе му готви манџа од мамутска коленица, а заемно ќе си се развеселуваат гушнати под крзно од опосум. Ем бизнис, ем плежр!
- Со премин од политеистичко во монотеистичко општество ваквиот однос прераснува во менаж-а-троа, па под крзното од опосум се вгнездува по еден шаман, поп, рабин, оџа или тибетски лама, којшто кажувал што смее и што не смее. Даклем, Адам смее да се задоволува со Ева, ама Ева не смее да се самозадоволува со јаболко.
- По ликвидирањето на мамутите и идеолошкиот раскин со диносаурусите, опосумскиот монотеизам преминува кон својата наредна фаза: фалсификување на праисторијата. Демек, светов е стар само 5.000 години и по божја одлука предвиден исклучиво за брачна моногамија, па ко друкчије каже - има да запомаже!

- Но, ко што секоја змија си има свој мунгос, така и секоја догма наебува од своја наука. Па така, со развојот на науката (пред сè медицината) хомосапиенсите започнуваат да живеат бајаги подолго, те одеднаш сиот тој верско-брачен концепт се доведува под знак прашалник. Мислам, океј е ти да живееш со некој антички фараон или средновековна принцеза додека смртта не ве раздели во четириесет и петтата година, ама ај пробај да живееш со некој пензиониран заставник на којшто на седумдесет години му откажува бешиката, а има намера да тера до сто и една?

Поради сево ова, на многумина хетеросексуалци што се дават во брачните води хомосексуалниот мерак по брак им изгледа како ставање трн во здрава нога. Заборавaат притоа дека хомосексуалните врски, незагадени од бладањето на религијата под нивното крзно од опосум, сè уште си се базираат на оние здрави основи од коишто хетеросексуалците се одвикнаа: бизнис ем плежр.

Моите познаници Мајкл и Кори (хомосексуален пар што стапи во брак во текот на краткиот либерте-егалите период на Вајмарската Република Калифорнија) ми наведоа само некои од правата што им се ускратени со изгласувањето на Осмата седница, односно Пропозиција:

- Доколку има врска со странски државјанин, хомосексуалецот не може на својот партнер да му обезбеди легален престој во Америка - што на хетеросексуалците им е дозволено доколку стапат во брак.
- Доколку едниот партнер не остварува приходи, хомосексуалното домаќинство нема право на намалување на данокот - што на хетеросексуалците им е дозволено доколку живеат во брачна заедница.
- Доколку едниот од партнерите ненадејно почине и не остави тестамент зад себе, другиот партнер нема третман на легален наследник - што на хетеросексуалците им е дозволено доколку живееле во брак.
- Доколку сакаат да аплицираат за заеднички кредит за кола, стан или семеен бизнис, хомосексуалните парови не ги исполнуваат условите - што на хетеросексуалците им е дозволено... ај да не се повторувам.

Се обидувам да ги утешам Мајкл и Кори објаснувајќи им дека од лошо има и полошо. Еве на пример, во регионот од којшто потекнувам хомосексуалците имаат права отприлика колку и христијаните во римските арени: во Загреб геј-парадите се одржуваат под полициска придружба, во Белград геј-парадата заврши со јавен линч на учесниците, додека пак во Скопје и Приштина не помислуваат да прават ни матине, а камоли парада. Во таа средина зборот "педер" се третира како навреда, зборот "лезбејка" како медицинска дијагноза, а секој обид за дебата завршува со тезата дека хомосексуалната љубов е неприродна. Клучен доказ е тоа што ниту еден животински вид такво нешто не практикува... како па за сè друго да сме идентични со животните: пиеме кафе ко жирафи, играме шах ко фоки, сурфаме по Интернет ко двогрби камили, те цепиме атом ко млади мајмуни.

Ех... толку ли е тешко да се живее раат и да се остави другиот на раат? Па бизнис ем плежр, мајка му стара...

Или што би рекол Зоки на Фросина: "*Што поише педери, тоа поише слободни женски!*".



# ЗАКАЧКИ

Гаден студ фати викендов.

Барем за наши сфаќања и сетила.

Недела попладне, а јас и Јасна седиме пред едно ресторанче на улицата Абот Кини, јадеме чикен марсала и се тресеме во две смени - малце јас, малце таа.

За да биде работата посмешна, минувачите околу нас пет пари не даваат за ниската температура: шетаат развиени батки по тесни маички те разноразни разголени тети на ролерки, додека јас и мојата животна сопатничка го набљудуваме светот околу себе ѕиркајќи низ тесните процепи помеѓу нашите шалови и наметки, облечени како двајца Ескими сред сезона на парење на поларните мечки. Мечките околу нас пируваат, ние се ледиме. И токму кога стана најинтересно, ете ти го него: Денис Хупер, во придружба на две постари госпоѓи, како што и му личи на годините.

Не дека веднаш ни стана потопло околу срцето, ама баш фино од него што намина: мерак е за секој јабанџија кога во туѓ свет ќе здогледа познато лице. И додека Денис го започнува вообичаениот холивудски ритуал на бескрајно консултирање со келнерот, мене мислите полека ми бегаат во едно слично студено неделно попладне, пред едно дваесетина и две години...

Тој ден во Домот на младите "25 Мај" во рамките на редовната програма на традиционалните Синеастички вечери се прикажуваше филмот "Голи во седло" со Питер Фонда и Денис Хупер во главните улоги. Ми текнува дека ич не го разбрав, ама ептен бев импресиониран: двајца типови со американски знамиња на јакните пичат уздуж и попреку по цела Америка. Мене во тоа време татко ми Блажо ни до Охрид со другари не ме пушташе, така да решив под итно да воведам некои реформи во својот живот не би ли ги проширил лимитите на личната слобода. Дојдов дома, земав едно од оние знаменца што во тоа време ги ставаа во сладолед, внимателно го потопив под славина за да го одвојам од чачкалицата на која гордо се вееше, па отидов до дневна да дрпнам од лепакот што мајка ми го криеше во својата древна машина "багат" (некој на работа ѝ шушнал дека денешниве млади дуваат лепак, па мајка ми одлучи дека е подобро превентивно да спречи отколку накнадно да лечи).

Утрешното утро ме затекна на класен час, свечено облечен во виетнамка закитена со американски знамиња на рамениците. Ваквиот невообичаен дизајн не му промакна на мојот класен раководител Драган-по-математика, страв и трепет за целата моја генерација од центарот за насочено образование "Јосип Броз Тито" во Скопје.

- *Добро ут̄ро, ӣрофесоре.*
- *Добро ут̄ро, ӣолковниче.*
- *Зошт̄о ӣолковник, ӣрофесоре?*
- *Па ḡледам си се закит̄ил сос чинови. А шт̄о ӣа му фали на наше јуḡословенско знаме? Не т̄и ваља, а?*
- *Па не, ова знаме е од еден филм...*

- *А од филм, је ли? Тебе изгледа ти фали узбуђење у свакодневница? Е па, изволи на табла.*
- *Како на табла? Па не може да испрашувате математика на класен час...*
- *Не може за цивили. Ти, као војно лице, си привилегован.*

Револтиран од репресијата на образовниот режим, решив да ги мавам бољшевичките скотови со нивен камен по глава: попладнето земав црн фломастер, хартија на тесни и широки, уште малце лепак, како и еден од оние големи беџеви "Социјализам по мерка на човекот" што ни ги делеа кога беше штафетата.

Утредента блескав во истата виетнамка, овојпат закитена со беџ од кој зрачеше рачно исцртаното лице на Јосиф Висарионович Сталин.

Класниот овојпат не рече ништо. Но затоа на татко ми Блажо му обеле цела коса долж левата хемисфера.

- *Па дали си ти нормален... Знаеш ли колку само милиони луѓе испотепа тој ѕвер... Милиони искрени, чесни комунисти...*
- *А што да ставам кога не ми даваат да носам американско знаме во школо?*

Тука на Блажо почна да му обелува и десната хемисфера.

- *Какво, бре, американско знаме во школо? Па свесен ли си ти кој го донесе Пиноче на власт? И Батиста кој го поддржуваше? И што правеше ЦИА во Никарагва, татко ми Цветко да не го бараа? Тебе изгледа мозокот ти го испила таа дрога што ви ја ставаат во кока-кола!*

Динамичниот разговор заврши така што добив директива под итно да им кажам историско "не" на Сталин и Коминтерната. Но моето прашање "Па што да ставам кога сè живо ми браните?" остана без одговор... што отвори слободен простор за понатамошна игра.

Утредента на моите гради блескаше ведрото лице на лидерот на ПЛО, ефенди Јасер Арафат.

Класниот повеќе ништо не можеше да го импресионира:

- *Ти, полковниче, мењаш идеологија ко чарапи. Видим данас се у мода Арапи, јел'да? Е па, извол'те на табла, да видиме како се сналазиш со арапски цифри.*

За разлика од него, Блажо не ни ѕуцна - само се сврте и замина некаде.

Ваљда отиде до Партија, да се распраша какви се во последно време односите на СФРЈ со Израел.

## ВИКЕНД

Преку викенд обично јас и мојата сакана фаќаме магла и шетаме по егзотичната околина: Санта Барбара, Риверсајд, Лагуна Нигел... или безгрижно тулумариме по широкиот спектар од киносали, паркови или барови што оваа цивилизација го пружа.

Но овој викенд нема зезање! Во понеделник сум повикан на состанок кај еден ептен ш'ц продуцент, тип што работи високобуџетни реклами со Николас Кејџ и Кетрин Зета Џонс, снима спотови за Деф Лепард, Еминем, Фифти Сент и Селин Дион... Со таков нема лабаво, туку треба човек да се подготви ко Џеси Овенс за Олимпијадата во Берлин!

И така викендов по дома организиравме воени вежби налик на оние СВОЗ-манифестации што на времето се одржуваа во нашата месна заедница Тафталиџе Два: Јасна ми бира кошули што најдобро ќе го одразат мојот буен режисерски талент, мојот адвокат Пол ми пишува говори што ниту за две години не би можел да ги научам, на балконот на Нено и Милена е формиран кризен штаб за заднинска поддршка, а јас визионерски шетам низ дневна замислувајќи како во блиска иднина Рихана ме преколнува за соработка.

Понеделничкото утро започнува со неочекувано ѕвонење на телефонот уште во седум! Срипувам од креветот како попарен, правам сплет шпаги, набрзина мијам заби со четка за нокти, ставам гас-маска за да оставам подобар впечаток, те со растреперени раце кревам слушалка и со милозвучен и правичен глас велам "Ало?".

Од другата страна ме дочекува операторот на некој синџир на хотели и забавни паркови во Флорида што ми нуди седум дена за само пет дена во рок од три дена.

Љубезно му се заблагодарувам за поканата, те им посакувам ураган од апокалиптични размери, а за десерт и една мрсничка дизентерија.

# РУЖА

Некни ми пиша другарка ми Ружа.

Ептен е незадоволна со американската внатрешна политика.

Вели: "*Гледам Обама му подал рака на Меккејн и го поканил да соработуваат. И оној Гејтс го покани. И уште двајца републиканци покани. Аман заман, уште само Кики и Доди што не ги покани! Има ли таа ваша нова влада свои кадри или морате од Буш да позајмувате?* "

Драга ми е Ружа, човечиште и опасно другариште... ама малце ми е радикална. Кога таа би била на место на Обама, уште сабајлето на петти ноември Џорџ Даблју Буш би завршил на гилотина, Џон Меккејн би го испратила да дроби камен во Гвантанамо, Кондолиза Рајс јавно би ја шишале пред Капитол Хил, на Дик Чејни би му пуштила луѓе да го дават со свилен гајтан, а на Сара Пејлин сосе мажот и петте деца би им пресудила ко Ленин што им пресудил на Романови.

И така, се чуди Ружа како тоа Американците им оставаат глава на рамења на политичките противници. А јас пак се чудам на истото тоа, само обратно: скоро година дена кампањи, агитирања, митинзи, трибини, јавни дебати, плакати, билборди, реклами, налепници, беџеви... и ниедна глава да падне, ниедна кола да пламне, ниеден излог да искршат, ниту некого на улица да малтретираат, ниту некого да замаваат со камења, ниту еден јавен собир со молотовки да финишираат, ниту троа реваншизам да видиме, ниту некој без работа да остане, ниту еден живот да остане упропастен, ниту троа калашников да проработи?

Значи, можело и вака и така.

## ДИНАСТИЈА

На времето, на просторите што денес се викаат бивша Југославија, многу популарна беше телевизиската сапуница "Династија". Во термините за нејзино емитување и старо и младо седнуваше пред телевизор, а улиците беа пусти ко пак да сме четврти мај. Работните луѓе и граѓаните на наведената земја не само што алчно ја голтаа секоја сцена од таа мамутска серија, туку имаа потреба утредента да си ја прераскажат едни на други последната епизода, ко демек овие другиве да заспале пред телевизор.

Рака на срце, мене тогаш многу повеќе ме интересираа серијалите од типот на "Планетата на мајмуните" и "Емануела", така што воајерската страст на моите сограѓани да ѕирнат во приватниот живот на некои американски парајлии ми беше комплетно нејасна и будалеста.

Арно ама, за сѐ во животот треба да созрееш.

Не поминаа ниту дваесет и пет години, а горчливата судбина на семејството Керингтон се преслика во мојот приватен живот.

Еве ме мене, заскитан на другиот крај на светот налик на бунтовниот син Стивен, несфатен од средината и во перманентна потрага по нови авантури.

Камерата прво ја прикажува мојата зграда на 1743 Пердју Авенју...

Рез! Дејството се префрла во мојот ливингрум, каде што ме затекнува како по и-меил се допишувам со сестра ми Фелон, којашто остана во стариот крај во Денвер, Колорадо. Инаку, сестра ми Фелон и зетот Џеф Колби деновиве влегуваат во нов џоинт венчр (отвораат продавница за сапуни и чаеви), а патем од хоби се вселуваат во семејната резиденција на Партизанс Булевард на местото на нашите родители Блејк и Кристл, коишто отсега ќе живеат во новиот апартмент во Карпош Сити.

Сцената се претопува од тоталот на ливингрумот на крупен кадар на моето лице, облеано со по некоја носталгична солза. Додека јас го читам писмото, во офф одекнува гласот на сестра ми Фелон следен со мелодраматична музика:

"*Драги мој брате Стивен Керингтон,*

*Овде во Денвер е лудо и незаборавно и штета што те нема да шизиме заедно, а не само мене живец по живец да ми корнат... Во превод: полудевме! Не дека не си бевме луди и порано, ама сега ептен откачивме со селењево. Тоа е таков адреналин у вени, таква невидена нервоза и параноја дека нема сѐ да се заврши на време (што додуше и не е многу далеку од вистината имајќи предвид што сѐ мама Кристл сака да однесе од стариот стан од 89 квадрати и да реинсталира во новиот стан од 47 квадрати). Се разбира, на крај мораше да се соочи со фактот дека пола од стварите мора да остави, па така јас секојдневно сум изложена на мистичниот ритуал на предавање на "оставштина" составена од снежнобели миљеница, порцелански вазни и кристални слонови... ко мапа на закопано благо да ми предава! А пошто наидува на моја тотална рамнодушност, во себе луди и жали на кои битанги сето тоа им го остава во наследство!*

*Многу смешна беше сцената на предавање на позлатениот сервис за ручавање, кој беше и званично најавен и прикажан. Свечената презентација беше одржана за време на семеен ручек (за секој случај, да се запаметат изгледот и функцијата на сервисот), на што драгиот зет Џеф прокоментира: "А не е златото отровно?". Јас само што не се задавив и ја исплукнав супата од уста, ама од некој обѕир се воздржав од смеење. Мама Кристл смртно се навреди и рече: "Јас не знам откога тоа златото е отровно!?", на што професор Џеф елабораше: "Па така во една епизода од Д-р Хаус еден го труеја со злато". Фацата на мама Кристл беше во прашалници, па налутено го тргна позлатениот тањир не би ли спречила понатамошна конверзација, а ја почнав да го газам маж ми под маса за да престане да дрочи. Но тука секако не заврши приказната - за да не остане покуса, Кристл се врати со нов тањир, го стави на маса и рече: "Добро, ако вам злато ви е отровно, тогаш еве ви го овој сервис од кобалт". Си велам во себе: "Не кобалт, само не кобалт, неее..." зашто го гледам зет ти Џеф од карши како се спрема да коментира. Кристл инсистираше на одговор: "Го сакате ли сервисов од кобалт, да или не?". Јас ѝ велам: "Ја сигурно нема у кобалт да доручкувам, ама ај остави". Мама Кристл беше упорна: "Па мислам, ако вам злато ви е отровно, кобалтот ваљда не ви е, а?". Џеф се воздржа, но сепак прошепоти: "Како да ѝ кажам дека кобалтот е радиоактивен?".*

*Ете, со тоа се занимаваме секој ден. Ама баш секој ден. Или се во игра чаршафи, или слики, или миљенца, или тањири. Сред екот на моето отворање приватен бизнис, борбата за негово разработување, трчање по инспектори и заводи, правење реклами, осмислување промоции, следење лагер и производство, контролирање вработени... ја морам секојдневно да се грижам за таказвана "оставштина".*

*А капак на сè ми се твоите будалаштини. Тато Блејк ти се пофалил дека конечно од државата ги повративме лозјата на покоен дедо, а ти си му рекол одма да ги продаде, па со тие пари да одите седум дена во Лас Вегас. Кога ја прочита твојата порака, Блејк побледе, позелене, поцрвене и на крај пожолте, те само немо изусти: "Пред шеесет години ни ги земаа, петнаесет години мака мачиме да ги повратиме, а сега мојот син првенец би ги спичкал за седум дена!". По ова Блејк замолче и ќутеше цело попладне, а ние се растрчавме по доктори пошто мислевме дека го мавнала срчка.*

*Инаку, други новости нема. Иако летово наполни четири сезони, ќерка ми уште е во шок од информацијата дека ти живееш во истиот град во којшто живее и нејзиниот идол Шиљо.*

*Те сака твојата сестра Фелон"*

Да имаше троа ум продуцентот Аарон Спелинг и писателите Ричард и Естер Шапиро, оригиналната постава на "Династија" ќе се состоеше само од сестри. Јебига: маж ќе те тепа, жена ќе те вара, швалерка ќе те остави, син ќе те разочара, снаа нема да ти се погоди, зет ќе се испијани, балдска ќе те намрази - а само сестра е во состојба сите нив да ги истрпи!

# БОЖИЌ

Наближува Божиќ, а јас кружам по ел-ејските продавници и барам подарок за синот на другар ми Родољуб. Сите мали деца сакаат Пајо или Шрек или барем Скуби Ду, само син му на Родољуб сака Спајдермен! Не знам како да им објаснам на продавачите дека барам Спајдермен за дете на двегодишна возраст... Навистина, кое е тоа дете што има две години и гледа филмски јунак во филм што трае два саата? Татко му младоста ми ја испи, сега синот ќе го досрка и она малце живот што останало во мене...

Туку, друго сакав да расправам.

Божиќ е најубавиот првичен спомен на секој аџија во Америка.

Нема емигрант што не го памети својот прв Божиќ во Новиот Свет: блескави излози со шарени украси со убави предмети со згодни продавачки со мајки и деца со големи ќеси со весели насмевки со дедомразовци што демнат на секој чекор... Насекаде се шири мирис на печива и слатки колачиња и чоколадни зезалици, додека од секое ќоше одекнуваат божиќните песнички... а ти седиш сам на аголот и мечтаеш за идниот Божиќ, во којшто нема повеќе да бидеш странец и шупак во овој магичен свет!

Годината поминува брзо како што се топи сладолед на стапче... И ете те тебе во твојот втор Божиќ: веќе имаш постојана работа, и кредитна картичка, и социјален број, и регулиран престој... Глеткиите се исти како и лани, со истите песнички што одекнуваат по звучниците... Веќе не си тотален фазан, па можеш да насетиш дека по "Лет Ит Сноу" на Дин Мартин следува "Санта, Бејби" на Кајли Миног...

Месеците летнуваат како сини галеби, па ете те тебе среде твојот трет Божиќ! Веќе поседуваш зелена карта на посакуваната Земја на соништата, веќе живееш во троа поголем апартман, отплаќаш кредит за својот прв ел-це-де телевизор, размислуваш да преминеш на ново работно место и заработуваш уште седум дополнителни долара на час... А околу тебе стварноста се одвива како по некоја дежа-ву матрица: истите светла, истите подароци, истите насмеани луѓе, истите оптимистички пораки, бескрајно истите празнични песнички... На површината на твоите сиви ќелии започнуваат да се раѓаат еретички идеи и ти започнуваш да ги разгледуваш опциите за трансфер во некоја друга религија. На крајот на краиштата, па нели и Јом Кипур е убав празник? И нели веселите ноти на "Харе Рама, харе Кришна" не звучат нималку поинфериорно од "Рудолф Д Ред Ноуз Реиндер"?

Догодина веќе го славиш својот четврти американски Божиќ! Истите песнички, истите божиќни песнички, истите без повод и причина весели песнички, истите кретенски песнички, проклето истите песнички газат по твоите нерви! Седнуваш во својата нова кола, возиш на периферијата на градот, по час и половина паркираш и влегуваш во скромната џамија. Збунетиот оџа те гледа без да зуцне, а ти изнемоштено прошепотуваш: "*Добровечер... ӣримаӣе ли?*".

Петта година во Америка... Повторно Божиќ... Повторно џингл-белс-џингл-белс-џингл-ња-ња-ња-ња-ња-ња... Изнајмуваш шлепер од десет метра

(парите повеќе не ти се проблем!), ја оставаш својата проштална порака на својот ај-под (најнов модел, со опција за снимање звуци и гласови!), полниш гориво до врв (кога Мехмед бил цицијa?), па со покличот "Алаху акбар!" се залетуваш и се забиваш во блескавите излози со шарени украси со убави предмети со подмолни пакосни пеколни дедомразовци...

Утредента се будиш во митскиот Џенах, со локалниот евнух-консиерж, кој грижливо ги дочекува и ги распоредува новите шехиди.

- *Селам Алехум, драг гостину. Вие бевте оној со шлеперот?*
- *Па да, јас... не можев да издржам повеќе...*
- *Ма "ноу проблем", како што викате вие таму... Еве, баш имаме слободна соба со 77 ганц-нови девици... Само вие опуштете се и слободно оставете го тој волан на рецепција, нашиот белбој ќе ви го качи во соба.*

Сиот насмеан влегуваш во таа ветена рајска соба, а таму навистина те чекаат ветените 77 девици...

И сите во еден глас запејуваат "Решад Д Ред Ноуз Камел", во чест на гостинот од Америка.



## МИКИ И МИНИ

Денес на Јасна ѝ е роденден.

Минатата година бевме на Лонг Бич и се возевме по висечките мостови над огромното пристаниште, восхитувајќи им се на големите бродови под нас и вриштејќи како да се спуштаме по ролеркостер. Потоа отидовме на аргентински бифтек во "Карлитос Гардел".

Годинава сме трошка поумни: прво отидовме да јадеме и пиеме, а потоа се качувавме по кањоните и камените патеки на Санта Моника Маунтинс.

Вечерта нè затекна како седиме дома со полни стомаци и воспалени мускули, гледајќи цртани филмови за авантурите и вечната љубов на Мики и Мини Маус.

Дури и цртани глувци се гушкаат и се сакаат, а камоли ние двајца!



## ПЕРЗИСТЕНС

Многу ги почитувам Америве што си ги учат децата на упорност од мали нозе. Разни воспитнообразовни пораки го затекнуваат младиот Американец на секое ќоше.

Еве на пример, во секоја гимназија, училиште, градинка или јасли виси по некој слоган од типот "*Обиди се, обиди се пак, обиди се поинаку, воочи ја грешката и обиди се со корекција, обиди се на некое друго место, обиди се со други луѓе - но не престанувај да се обидуваш!*".

Или пак "*Колку пати си подготвен да слушнеш НЕ пред да дојдеш до своето ДА?*".

Или пак "*Џаст ду ит, јанг мен!*".

Или пак "*Гат милк?*".

Како и да било, зборот "*перзистенс*" американското дете го учи уште пред да гукне "*мама*", "*тато*" или "*кока-кола*". Така и треба - перзистентноста воопшто не е лоша работа. Еве, јас сум жив доказ за тоа: по многу упорни обиди и залагања, вчера конечно добив охрабрувачки и-меил од една продуцентска куќа (заради професионална дискреција ќе го премолчам името на испраќачот, па во понатамошниот текст ќе ги нарекувам Џиги Миги Ентертејнмент).

Значи, вака Џиги Миги ми беседи:

"*Драг Дарко, ја разгледавме вашата понуда за соработка, како и вашето резиме и веб-страница. Заинтересирани сме да го ставиме вашето име на листата на наши ексклузивци и да им ги понудиме вашите услуги на нашите клиенти за сите можни идни проекти. Ве молиме да ни јавите кога сте достапен за подетална телефонска конверзација во врска со наведеново.*".

Откако го прочитав ова, започнав да тријам раце ко вевчански ѕидар што преку тендер бил ангажиран да изврши хидроизолација на Венеција. Конечно бидна и тоа: Џиги Миги Ентертејнмент се етаблирана продуцентска куќа со угледни клиенти, така да со нив нема зима! Единствен проблем е... не е проблем, ама... заправо, јас навистина не се сеќавам дека сум испратил некаква понуда за соработка до Џиги Миги Ентертејнмент.

Но среќа моја што сум педантен - во еден тефтер водам евиденција за секое писмо, факс или и-маил што сум ги пратил откако дојдов во Холивуд, така што треба само да ги прегледам сите 3.000 адреси од тој список и вистината сама ќе исплива на виделина. Значи: Џиги Миги, Џиги Миги, Џиги Миги, Џиги Миги, Џиги Миги, Џиги Миги, Џиги Миги, Џиги Миги, Џиги Миги, Џиги Миги, Џиги Миги, Џиги Миги, Џиги Миги, Џиги Миги, Џиги Миги... Ах, еве го: Џиги Миги Ентертејнмент, испратена понуда за соработка на 30 март 2007 година!

Ха, гледаш како лесно оди кога си перзистент! На ѓавол дупка ќе најдеш, а камоли тој и-маил испратен до Џиги Миги Ентертејнмент... само што... чекај бе малце... на 30 март 2007 година... а сега сме... јануари 2009!

Хм... Баш убаво е да си перзистентен во Америка.

Под услов да поживееш едно двеста години.

**МИЛИЦА**

Внука ми Милица има четири години.

Уверена е дека Шиљо постои и сака да го посини.

Неодамна го откри Тарзан, па изјави дека сака да се мажи за него.

Во нејзината глава тие двајца јунаци не се спротивставени, па изгледа дека Шиљо ќе мора да живее под ист покрив со Господарот на џунглата. Јебига, така му било пишано!

Неодамна Милица доби овчи сипаници, но тоа не ја спречува да продолжи да сонува за Новиот Свет, во којшто ликовите од нејзините детски сништа живеат напоредно со непознатиот вујко од приказните.



## НЕВЕРЛЕНД

Се заебав деновиве, па му ги дадов овие текстови на читање на еден мој сонародник... но ниту оддалеку мој истомисленик! И добив критика каква што заслужив: дека многу е неправилен и неконзистентен јазикот на којшто пишувам, ниту литературен ниту народен, ниту академски ниту уличен, ниту жаргон ниту дијалект, ниту вода ниту киселина...

Како помлад бев екстремно живчан, а пак денес малце работи можат да ме извадат од такт: не ме дрма ниту светската криза, ниту тоа што сум во долгови, ниту што цркна трансмишнот на мојот "форд", ниту кофимејкерот што експлодира и ни ја полеа цела кујна со ситно мелено колумбиско кафе... ама оваа глупава опаска од такт ме извади!

Мојот јазик е моја казна, а моето потекло - моја доживотна робија. И да нема забуна: си ја носам гордо таа пругаста униформа, бидејќи јас тој лицемерен суд ниту го фермам ниту го признавам.

Да појаснам:

Потекнувам од земја што не постои.

Постои Земјата како планета, ама не постои мојата земја како Земја.

Заправо, можеби и постои, ама нема име - па ние, нејзините жители, не знаеме како да ја претставиме без притоа да се избрукаме. А дури и кога би имала име - не се важи тоа, бидејќи нас нè нема.

Не дека нè нема на начин на којшто можеби нема НЛО или Господ Бог, туку апла нè нема! Пробај побарај нè низ светот, прочепкај низ книги, учебници, документарни филмови, телевизиски програми, актуелни вести, меѓународни институции, интернет-страници, стриптиз-перформанси - ќе видиш дека никаде не фигурираме.

Е сега: ако нè нема, како тогаш зборуваме? И на кој тоа мајчин јазик пишувам и зборувам јас, непостоечкото суштество?

Многу просто: на јазик што не постои.

Кога јас ќе отворам уста - не излегува ништо освен воздух.

И кога како бебе сум зинал за да кажам "мама", на мајка ми само ѝ се присторило.

И кога на училиште сум ја рецитирал мојата непостоечка азбука, учителката мислела дека нема никој пред таблата.

И кога на девојки сум им викал дека ги сакам, тие ништо не слушнале и завршиле во туѓи прегратки.

И кога сум му рекол "да" на матичарот, тој не разбрал и не запишал.

И кога јас чукам по мојата тастатура, на екранот ништо не се појавува.

А кога моите читатели на глас ја читаат таа измишљотина, одекнува само звукот на тишината.

Навистина, зарем може да постои писател од непостоечка земја со непостоечко име од непостоечки народ што кажува непостоечки мисли на непостоечки јазик запишани на непостоечко писмо?

Но какви тогаш грешки може да прави еден таков писател - освен непостоечки?

## ТХЕ ЕНД

Времето лета.

Годината во која влеговме е полна со надежи.

Надежи и желби што се толку блиску на дофат што престанав да ги изговарам за да не ги исплашам и набркам.

А се сеќавам на своите почетоци пред години, кога го снимав младиот Минхен Муаремов, во розов фустан и црна перика на главата, како рецитира една стихотворба што тогаш ја смисливме и ја крстивме "Песна за Холивуд"...

Истата песничка сега ми се враќа како бумеранг, па еве, во ова топло зимско саботно попладне јас би се простил од вас со нејзините будалести стихови:

Песна за Холивуд

Холивуд - до Лос Анџелес блиску.
Холивуд - сончевата Калифорнија се капе во светлина од рефлектори.
Холивуд - убавите жени чекаат на нас.

Сјај и беда!
Сузан Хејворт, Клерк Гејбл, Душко Долгоушко.

Холивуд - ти последна бајко за големите деца,
почивај таму крај големата вода!

## БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

Дарко Митревски е роден во Скопје, Социјалистичка Република Македонија.
Врсник е на “Стики Фингерс” и “Д Ласт Пикчр Шоу”.
Живее и работи.

